**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Четириесеттата седница**

**на Собранието на Република Македонија, одржана**

**на 26 ноември 2003 година**

Продолжението на седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,25 часот. (по завршувањето на 43-та седница на Собранието)

Седеницата ја отвори и на неа претседаваше г.Јордановски Љупчо, претседател на Собранието.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Почитувани пратеници, вие бевте информирани со поканата за денешната работа дека по звршувањето на 43-тата седница на Собранието, ќе продолжиме со 40-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Дојдовме до 12-та точка од дневниот ред.

**Преминуваме на 12-тата точка:**

**- Предлог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2004 година.**

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела и Мислењето на Владата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Процедурално, има збор господинот Спиро Мавровски.

МАВРОВСКИ СПИРО:

Мислам дека точките 12 и 13 треба да ги заменат своите места, бидејќи точката 12 треба да произлезе токму од Предлогот на финансискиот план на Регулаторната комисија и мислам дека е подобро прво да се разговара за тој план, а после доаѓаме до она што значи обезбедување на средствата за Регулаторната комисија.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Дневниот ред беше утврден и ние ќе постапуваме по овој дневен ред.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Илиевски Владо.

ИЛИЕВСКИ ВЛАДО:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Јас се согласувам дека двете точки навистина се поврзани и се зборува за иста материја, и јас би сакал ако ми дозволите мојата дискусија да ја насочам точно на двете точки.

Денес пред нас за разгледување е една многу важна материја што се однесува на финансирањето и работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, како и нејзиното отпочнување со работа. На почетокот би сакал да ја насочам мојата дискусија во правец да се потенцира важноста и значењето на ова новоформено тело, на кое уште од самиот почеток од неговото заживување му претстојат огромни задачи и обврски.

Регулаторната комисија за енергетика е основана со Законот за енергетика од 1997 година, а во 2003 година, со Одлука донесена во ова исто Собрание, е именуван претседател и членови на Регулаторната комисија за енергетика , со што се создадоа кадровските предуслови за отпочнување со работа на истата. Оваа Комисија до сега е формирана во 90 до 100 земји во светот, додека во Европа ја имаат формирано сите земји, со исклучок на Србија и Црна Гора.

Законот за енергетика, покрај тоа што го регулира работењето и функционирањето на Регулаторната комисија за енергетика, исто така, ги утврдува и принципите на обезбедување на средства и финансиското работење. Со ова Регулаторната комисија за енергетика го стекнува и заонскиот предуслов за остварувње на нејзините надлежности, како и за обезбедување на материјалните услови за работење.

Како прва и основна задача на ова тело е да овозможи квалитетно, сигурно и доверливо снабдување на поторшувачите со сите видови на енергија, како што е: електричната енергија, нафтените деривати, природниот гас, сончевата енергија, енергијата на ветерот и другите видови на енергија.

Регулаторната комисија за енергетика има за цел да ја пропише целокупната секундарна легислатива и се грижи за нејзино непречен спроведување. Целта на ово новооформирано тело, како и улогата, е воспоставување на регионален пазар на енергија со земјите на регионот, како и нивно активно интегрирање во внатрешниот пазар на земјите од Европската Унија, а тоа произлегува и од целите на Атинскиот форум за регионален пазар на енергија. Исто така, ја почитува и спроведува потребата од слободен проток на стоки и услуги, по што следува и избегнување и напуштање на формираните монополски услуги. Се создаваат услови за либерализација на пазарот на енергија, како и недискриминирачки услови во однос на сите корисници на енергија.

Регулаторната комисија за енергетика е независна во своето работење, како од власта, така и од енергетските компании и постапувајќи согласно Законот, одлуките ги донесува самостојно врз база на стручност, респектирајќи ги реалните потреби на корисниците и давателите на услуги во енергетскиот сектор.

Како што реков, ова новоформено тело е основано заради обезбедување на сигурно и безбедно снабдување на потрошувачите на Република Македонија со енергија, заштита на животната средина како и отворање, заштита и унапредување на конкурентен пазар на енергија. Покрај тоа, Регулаторната комисија за енергетика пропишува услови за снабдување со одделни видови енергија, пропишува тарифни системи, донесува одлука за цени на одделни видови енергија согласно со Методологијата за формирање на цени, го издава, менува, одзема и го следи извршувањето на лиценците за вршење на одделни дејности од областа на енергетиката, пропишува правила за приклучување на енергетски мрежи, се грижи  за унапредување и заштита на правата на корисниците на енергија.

За ефикасно функционирање на Регулаторната комисија вработува стручни кадри со соодветно работно искуство од областа на енергетиката, економијата и правото. Според европските стандарди, секој член треба да има своја канцеларија, како и соодветен простор, а тоа е сала за состаноци во која се одвиваат консултациите.

Знаејќи ја улогата и задачите на Комисијата, кои произлегуваат од нејзините цели, со создавање на законските и кадровските предуслови за нејзино отпочнување со работа, останува да се даде и тој почетен финансиски импулс со кој би се означил и официјално почетокот на работата на Комисијата.

Работењето на Регулаторната комисија се финансира од сопствени извори на средства кои ги обезбедува од наплата на надомест на вкупниот приход на сите друштва кои вршат енергетска дејност. Тој надомест е одреден со Законот за енергетика во член 11, став 3, во кој се вели дека зафаќањето не треба да биде повеќе од 0,1% од нивниот вкупен приход.

Конкретно во Одлуката за давање согласност на ставката на надомест, која треба да ја усвоиме во собраниска процедура, зафаќањето е 0,064% или вкупно некаде околу 32 милиони денари, бројка која е далеку од дозволеното со закон ниво.

Оваа прва година од функционирањето на ова новоформено тело, кое според планот од 01.01.2004 година треба да ги преземе сите свои активности околу либерализација на цените на сите видови енергија, има почетни проблеми околу обезбедувањето на финансиските средства, меѓутоа, во тековната година
Регулаторната комисија за енергетика  ќе се финансира во поголем дел од наплата на издадените лиценци кои ќе ги одобрува, одзема и ќе го следи нивното извршување.

Според член 11 став 2 од Законот за енергетика, Регулаторната комисија, најдоцна ддо 1 октомври во тековната година, до Собранието на Република Македонија треба да достави Предлог-финансиски план за негово усвојување.

Согласно договорот со Европската агенција за реконструкција, присутен е консултант со цел за непречен и брз развој на Регулаторната комисија во насока на заедничката регулаторна правна рамка, која ја имаат сите членки од Европската Унија. Европската Унија го нуди тој проект и за негова реализација има ангажирано консултанти од Германија, Грција и Англија, за кои исто така е обезбеден дел од ангажираниот простор. На почетокот ќе имаат ангажирано околу четири нивни вработени, а се планира во догледно време да се зголеми. Покрај обуката, што е нивна основна задача, тие уште и ќе бидат во функција на твининг-процесот на работата на Регулаторната комисија и најмалку еднаш неделно ќе следува консултација со вработените.

Регулаторната комисија, покрај регулаторната, има и контролна функција, од што произлегуваат потребите за нејзина техничка опременост со соодветна информатичка опрема, која овозможува Он лине поврзување со субјектите на енергетскиот пазар, како и следење на регионалниот и меѓународен енергетски пазар, се со единствена цел да се понуди тој квалитет на домашните потрошувачи. Одреден дел од средствата предвидени со предложениот финансиски план се предвидува да бидат потрошени за остварување на функциите на Регулаторната комисија, кои произлегуваат од обврските спрема меѓународните организации и институции, како што се: Атинскиот форум за регионален пазар на енергија, Работната група на Советот на европските ревиерски регулатори, регионалната асоцијација на енергетски регулатори и друго. Од посебно значење е воспоставување соработка со регулаторните тела на земјите од регионот, од каде би се користеле нивни сознанија и искуства од нивната регулаторна пракса.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Иванов Љубисав-Ѕинго.

ИВАНОВ ЉУБИСАВ-ЅИНГО:

Ако не беше повлечен законот за формирање на Агенција за енергетика, јас немаше да зборувам за проширувањето на овластувањето на оваа Регулаторна комисија, затоа што таа агенција ќе ги извршуваше тие работи за кои сакам сега да зборувам.

Добро, тука беше речено дека Регулаторната комисија ќе се грижи за сигурно и безбедно снабдување на граѓаните, организациите, фирмите, стопанствата и тн. со електрична енергија. Меѓутоа, за да го обезбедиме тоа, ние во државата треба да имаме

стретегија за развој на енергетиката во Македонија. Значи, да можеме да ги покриеме зголемените потреби од електрична енергија во државата...

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Господине Иванов, со сета почит, јас мислам дека треба да продискутираме за она што е точка на дневен ред, а за енергетскиот развој и стратегија кога ќе дојде некој таков закон.

Би ве молел ако можеме да се држиме до дневниот ред.

ИВАНОВ ЉУБИСАВ-ЅИНГО:

И јас ќе ве молам да ме оставите да кажам тоа што сакам да го кажам, затоа што тука е кажано дека Регулаторната комисија ќе се грижи за непречено снабдување со електрична енергија на граѓаните и фирмите во Република Македонија. Дали тоа е кажано? Кажано е. Ако тоа е кажано, г.претседателе, тогаш таа за да го оствари тоа нешто мораме да имаме сигурни извори на електрична енергија. Како таа ќе го оствари тоа, ако за одреден временски период ние немаме доволно такви извори или постојните извори во Република Македонија нема да функционираат или работат поради тоа што ќе немаат суровини за нивно нормално работење, а ако се работи за термоелектраните тоа е јагленот, ако се работи за некои други извори на енергија, алтернативни, да се користат, како што е сонцето, како што е ветерот, како што се биомасите и тн., ние веќе мораме да имаме такви изградени капацитети. Според тоа, за да може таа да ја извршува таа функција, таа мора да има на располагање нешто што е извор, што го обезбедува тоа. Ако ние ја имавме формирано  Агенцијата за енергетика, тогаш тие проблеми и тие работи ќе ги пренесевме на таа агенција. Меѓутоа, тој закон го немаме. А ние исто така, како Парламент живееме во едни големи непознаници. До сега, барем за овие десет, дванаесет, тринаесет години не сме информирани како пратеници, а исто така и јавноста, дали постои план, стратегија и тн., за снабдување со електрична енергија.

Затоа, тука би предложил да се прошират тие надлежности во оваа Комисија, за да имаме нешто опипливо, нешто квалитетно, нешто што ќе ни го обезбеди непречениот живот, развој, перспектива на оваа држава.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Иванов.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ги молам пратениците што се надвор од салата да влезат.

Предлог-одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Ве молам, службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(По пребројувањето)

Значи во салата има 62 пратеника, гласањето е валидно.

Вкупно гласале 53, 52 гласале за, 1 воздржано.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2004 година.

**Преминуваме на Тринаесеттата точка:**

**Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2004 година.**

Предлогот на финансискиот план, Мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Согласно член 6 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика, Собранието го усвојува Финансискиот план за работата на Комисијата за наредната година.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас мислам дека директорот на Регулаторната комисија или претседателот ќе изнесе дискусија што нуди овој Финансиски план, но мислам дека вие како пратеници сето тоа добро го видовте, го проконтролиравте и затоа ќе можеме да продускутираме за она што ни е тука понудено како Финансиски план.

Би почнал со тоа дека регулаторната комисија се формира, како што кажа и господинот Илиевски, заради обезбедување на сигурно и безбедно снабдување на потрошувачите на Република Македонија со енергија, заштита на животната средина и природата, воведување и заштита на конкурентен пазар на енергија врз начелата на објективност, транспарентност и недискриминираност.

Регулаторната комисија треба да биде независна со своето работење и донесување на одлуките и до тука се е во ред, тоа е она што беше принцип и начела кога се формираше Регулаторната комисија. За самиот чин на формирањето на Регулаторната комисија, мислам во тие дискусии имаше доста различни мислења, се работеше за членовите на Регулаторната комисија од кои што некои се стручни, тука ни беше презентирано дека некои се многу квалитетни и стручни кадри и посебен интерес бил тоа што господата имаат возачка дозвола од Б категорија. Значи, стигнавме и до такви ситуации да тие пет луѓе во Регулаторната комисија која што со ова што го прочитавме сега и она што го знаеме што треба да работи Регулаторната комисија, мислам дека имаат и преголеми задолженија и обврски кои што во првиот момент можеби не се ни видоа, но тука некој добро кажа, такви регулаторни комисии мора да ги има и ги има секаде во Европа, ги има сега и кај нас, но проблемот беше уште во стартот. Тие пет луѓе на овој Парламент и воопшто на опозицијата не им беше дадена шанса барем да се проба да добиеме некој поголем список на луѓе кои што се занимаваат со енергетиката, што ја познаваат доста добро и кои што можат да дадат придонес во комплетното работење на Регулаторната комисија. Со ова самата Регулаторна комисија уште во стартот ги изгуби своите компетенции и мислам дека она што значеше кредибилитет донекаде Регулаторната комисија уште во старт го загуби. Тоа е за жал ова што се однесуваше на овие пет члена. Доколку Владата мислеше дека со тие пет члена ќе решиме голем дел од работите кои што претстојат на полето на енергетиката, мислам имаме проблем. Господинот Иванов добро спомна дека Регулаторната комисија треба да обезбеди енергија, но за обезбедување на енергијата треба да интервенираме во Законот за енергетика многу посериозно отколку што ценејќи ја почитуваната колешка Борозан, која го предложи Агенцијата за енергетика. Мислам дека тоа не е решение за Република Македонија, затоа што се нуди нешто што  едноставно може да биде советодавно тело, но тело кое што нема да има апсолутно никакви ингеренции и обврски кон било кој, значи, со ова што го имаме пред нас, се работи за еден финансиски извештај, се работи за пет луѓе, но уште во стартот имаме информација што за мене мислам дека е многу нормално, за вработување на наредни 11 луѓе и тоа осум стручњаци од полето на енергетиката. Мислам дека беше објавен конкурс, но и таму има некои недоследности во самиот конкурс, затоа што енергетичари, или се работи за правници, за економисти, за незнам што понатаму ќе се вклопуваат во оваа Регулаторна комисија. Мислам за да функционира оваа Регулаторна комисија како што треба тој број можеби треба да достигне и до бројката од 50 луѓе во Македонија ги има мислам доста

квалитетни кадри кои што можат да се вклучат во работењето на Регулаторната комисија кои можат да донесат просперитет и напредок, но, сигурно дека Регулаторната комисија е таа што ја има секаде во Европа, треба да ја има и во Република Македонија, но треба да се избори за својот кредибилитет и за она што ќе значи нивно работење независноста од Владата. Тоа во моментот мислам дека е најтешката работа, затоа што таму имаме луѓе кои што треба да бидат бирани на четири, на три, на две, на една година, значи со реизбор. Така што едноставно тие луѓе ги избира повторно Владата, или на предлог на Владата и јас мислам дека лошо е чувството да се најдете во нивната кожа и да очекувате секоја наредна, или после две, или после три години, или четири години да дојде вашиот реизбор и нормално и како ќе работите и што ќе работите. Мислам доаѓаат нови моменти во либерализацијата на пазарот, доаѓаат нови моменти кои што тие треба да ги пратат уште пред да дојдат во Република Македонија. Се плашам дека можат да се прават манипулации посебно во однос и покрај тоа што еве денес читам дека има најави дека цената на електричната енергија нема да биде покачена, дека ќе се гледа она што значи социјален статус на граѓаните на Република Македонија. Колку тоа ќе биде, ќе видиме. Не сакам да биде Регулаторната комисија таа што ќе биде параван за било која одлука понатаму што ќе ја носи Владата во однос на покачување на цената на електричната енергија, или на било што друго во однос на транспарентноста со кое што мислам дека Регулаторната комисија ќе треба да излезе пред граѓаните на Република Македонија и да го презентира сето тоа.

Точно е тоа дека покрај регулаторната  функција што оваа комисија треба да ја има, тие имаат и ќе имаат контролна функција, што значи ќе треба да бидат на линија со многу од нашите енергетски ресурси, исто така со ресурсите во Европа. Така што таа ситуација ќе мора да се прати. Понатаму, во финансискиот извештај каде што се определени одредени ставки, мислам дека ќе треба да се зголемат одредени ставки во самиот извештај. Владата колку верувала, или колку студиозно пристапила кон формирањето на Регулаторната комисија се гледа во тоа што сега целата Комисија доаѓа во една ситуација што голем дел од овие средства, значи некаде повеќе од пет милиони денари од 30 милиони треба да се обезбедат за плаќање на кирија, на станарини, за обезбедување простор на самата Комисија. Мислам дека ад хок донесување на вакви решенија со тоа што Владата не мислела за просторните можности, за обезбедување на возилата, за самите средства за оваа комисија како ќе ја почне целата работа, требаше многу повеќе и многу посодржајно да се види за да можеме тука да дискутираме, затоа што и во претходната дискусија при формирањето на Регулаторната комисија мислам дека беше кажано за сето ова дека тие пет луѓе не ќе можат да ја сработат таа работа и

дефинитивно е тоа така, тоа го знаат сите и затоа ќе треба да помогнеме и да најдеме што и како.

Во однос на она што значи енергетски ресурси во Република Македонија колку тука Регулаторната комисија може да помогне, тоа е едно прашање за една нова дискусија во овој Парламент да инсистираме повторно да се постави енергетиката како тема за разговор каде што гледаме дека сигурно сите ние во моментот треба да бидеме загрижени за енергетската состојба која што е во моментот во Република Македонија и која што не очекува наредните години.

Би преминал на она што значи финансиски план кој ни беше презентиран тука од господата, од финансискиот план на Регулаторната комисија. Како прва ставка во сето ова е планирани расходи, плати, наемнини и надоместоци. Под првата точка: Основни плати на функционерите, тоа е 3 милиони 672 илјади денари поделено со 60 плати кои што треба да ги добиваат овие пет луѓе, тоа е некаде околу 61 илјада, или заедно со патните трошоци би однесувале некаде околу 75 - 76 илјади денари. Мислам дека тие средства гледајќи во некои европски рамки каде што работат некои други регулаторни комисии можеби се минормни во однос на нивните примања и тоа е точно така. Но, гледајќи ве сите вас тука како пратеници со 22 илјади денари плата и можноста да ние сме тие што ќе ги бираме членовите на Регулаторната комисија, гледајќи ги и познавајќи ги луѓето што го водат електроенергетскиот систем на Република Македонија, значи врвните топ менаџери кои што се со своите плати некаде околу 30 илјади, 35 илјади денари, доаѓаме до еден проблем, затоа што пред малку неслучајно кажав, стручњаци со Б категорија да стигне до некоја вредност од 70 илјади денари, или стечаен работник кој што до вчера бил во Заводот за вработување, не треба да биде, но, доаѓаме до некои средства кои што за сите нас во Република Македонија претставуваат големи средства. Објаснувањето од Регулаторната комисија беше дека тоа се средствата кои што ги примаат во Република Македонија топ менаџерите и дека тоа е некој предуслов како во сите европски држави и во сите европски регулаторни комисии. Јас лично не би се сложил, затоа што мислам дека оние што го одржуваат производството се тие што ќе обезбедат утре и енергија и ќе овозможат и редовно ако можат да овозможат и редовно снабдување со електрична енергија. Така што и тие луѓе треба да се стават во она што значи топ менаџери што ја водат оваа држава и енергетиката во неа. Но, тие имаат голем проблем затоа што години station наназад не е променето ништо. Тука се предвидени трошоци сигурно и за К15. Понатаму, имаме ставка 3: стоки и услуги. Тоа значи патни и дневни расходи, патување во земјата, во странство, со хранарини и патни трошоци сето тоа во вредност од 3 милиони и 659 илјади што мислам дека е минимално и дека нема да

задоволи, затоа што Регулаторната комисија во оваа прва година ќе треба да има толку многу средби со тие европски комисии, толку многу видувања, патувања и низ земјата да се запознае со сите објекти кои што ќе треба да ги владее понатаму. Значи, овие средства според мене требаше да бидат со многу поголема ставка одколку што е тука презентирано.

Во ставка 3.4. комуникации и транспорт предвидени се за горива и масла некаде околу 465 илјади што мислам дека е голема ставка. И доаѓа она договорни услуги 3.6. и тоа закупнина за канцелариски простор и закупнина на друг тип на простор со вкупна вредност од 5 милиони и 100. Јас знам дека тие простории треба да бидат обезбедени, но мислам дека во самото формирање на оваа комисија Владата требаше да размислува и веќе да ги има обезбедено, затоа што ќе признаеме, 1/6 од вкупните средства кои што се одделуваат за оваа регулаторна комисија да бидат дадени точно за овие закупнини, дека не е во ред и дека тоа претставува проблем и за самите нив оптоварување, комплетно и за оние енергетски субјекти кои што ќе бидат вклучени во сето ова. Тие средства од вкупните да речам договорни услуги од 7 милиони и 400, 5 милиони и 100 отпаѓаат на закупнини. После тоа имаме ставки кои што едноставно се неспоредливи, или можеби ќе покаже самото време дали тоа е точно така и дали треба така да функционира. Значи имаме амортизација 765 илјади која што ги покрива сите ставки од да кажеме семинари и конференции за кои што се предвидени само 306 илјади денари. 306 илјади денари за семинари и конференции кои што треба да ги организира оваа реегулаторна комисија, дали тоа ќе биде во земјата, дали ќе биде во странство се минимални средства кои мислам дека не можат да задоволат. Преведувачки услуги се предвидени исто колку што и средствата за семинари и конференции. Значи 300 илјади тука, 300 илјади за преведување. Мислам дека стрикно се бараше од Регулаторната комисија комплетно познавање на англиски јазик и основен предуслов беше тоа при примањето на луѓето. Добив информација од господинот Илиевски за кое што не бев запознат, дека во моментот во Регулаторната комисија работат експерти и стручњаци од Европската Унија кои што ја нудат својата помош за побрз развој на Регулаторната комисија. Но, за жал, тука гледам дека за независни консултанти и експерти се предвидени само 183 илјади денари, или тоа е исто колку што е предвидено во точка 4 за репрезентации. Промотивните активности, информативни активности во странство се 183 илјади исто колку што е и репрезентацијата, а промотивните информативни активности во земјата се сведуваат на 90 илјади денари. Значи, половина од репрезентацијата. Така што ќе се сложиме дека воопшто не кореспондира со она што треба да го изведува и она што треба да го работи Регулаторната комисија.

Последно е по точка 5, купување на капитални средства за кои што кажав дека можеби Владата во првите моменти требаше да ги обезбеди овие средства, да им обезбеди почеток на работењето. Јас незнам, еве, Регулаторната комисија е формирана од јули месец, дали воопшто нешто сработила, дали нешто наплатила во однос на она како што беше презентирано, таква информација немаме. Но, купување на мебел и канцелариска опрема. Се вели, купување на канцелариски мебел 306 илјади, купување на клима уреди 306 илјади денари. Но, имаме една друга ситуација каде што имаме купување на информациска опрема каде што стои ставка од 244 илјади денари. Разликата мислам дека е очигледна, ставката за информатичка опрема, бидејќи таа Регулаторна комисија треба да биде на линија со сите енергетски субјекти во Република Македонија, со се она што се случува во европската енергетика, значи тие средства треба да бидат каде, каде поголеми отколку овие средства за клима уреди и канцелариски мебел. Мислам дека ова кажано се е добронамерно за да може да се прераспределат тие средства и да се употребат точно таму каде што треба да стигнат.

И последно е купување на моторни возила за кои што се обезбедени 1 милион 836 илјади денари. Со овие 1 милион 836 илјади денари ние како пратеници не добиваме ни колку возила ќе се купат, кои се возилата што ќе се купат, дали тоа ќе биде едно возило, дали ќе бидат пет возила, мислам дека таква информација требаше да добиеме. На господата од Регулаторната комисија барем за поголем дел од нив сигурно дека ќе им требаат теренски возила, прво, да се запознаат со енергетските субјекти во Република акедонија, да ги посетат секаде каде што треба од диспечерски центри до оние што ја произведуваат електричната енергија и после тоа да ја почнат својата работа. Мислам дека тоа треба да се направи. Ние како информација ваква немаме. Овие се мои коментари лични како пратеник кој што го прочита овој финансиски план. Мислам дека Комисијата требаше малку пообјективно да ги разгледа сите работи, пообјективно да ги распредели овие средства. А за ова што зборувавме и претходната точка и моето барање е овие да бидат една после друга. Испаѓа дека врз основа на она што е производ на македонските енергетски субјекти околу 53 милијарди по 0,064 колку што усвоивме пред малку ја дава сумата од некаде 30 милиони кои што се предвидени средства, или од прилика милион марки, тоа се средствата кои што ќе бидат обезбедени за Регулаторната комисија да ја обавува работата во 2004 година. Планот требаше да биде готов на 1.10., веќе е 1.11., мислам дека ќе стигне сето тоа да биде завршено, да си ја почнат својата работа, да им посакаме многу среќа и успех. И понатаму мислам дека во вработувањата кои што ќе следат ќе треба да се направи навистина една селекција на луѓе кои што се занимаваат со енергетиката, луѓе кои што ја познаваат енергетиката во Република

Македонија и кои што ќе дадат свој допринос, реално, објективно да можеме сите заедно да одиме напред. Инаку, се друго што ќе го нудиме тука декларативно дека ќе биде вака, ќе биде така и ќе примиме  некој стручњак со возачка дозвола, ќе имаме проблем. Се додека работиме така, мислам имаме проблем. И затоа ќе ве замолам сите заедно да се посветиме многу повеќе на проблемот енергетика во ова Собрание имаме време пред нас да дискутираме воопшто и секој од нас да донесе барем еден напредок не само кога ќе се говори за некои проблеми се јавуваме секој како стручњак, но во оваа ситуација треба сите да помогнеме покрај оваа регулаторна комисија да донесеме еден нов закон за енергетика кој што ќе вклучи многу нови работи.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Има збор господинот Илиевски Владо.

ИЛИЕВСКИ ВЛАДО:

Не би сакал да реплицирам. Но, сакам да кажам неколку зборови. Би сакал да кажам дека треба да дадеме поддршка да заживее оваа комисија, бидејќи главниот бенефит ќе го  видат токму граѓаните на Република Македонија, а тоа е што ќе се создадат услови за либерализација на цените на сите видови енергија. Мислам дека во догледно време ќе се создадат услови, т.е. ќе ги создаде условите Регулаторната комисија така што поголемите потрошувачи ќе можат сами да обезбедуваат енергија од оние места од каде што можат да ги добијат по најповолни услови. Исто така, сакам да кажам дека барем на почетокот кога сите сметаме дека е неопходно заживувањето на оваа комисија,  однапред да не ја осудуваме за финансискиот план што го има дадено да кажуваме дека се потребни клими, коли, опрема, мебел. Нормално е дека таа е нова комисија и треба тие простории да се опремат, а да го оставиме тоа на крајот на првата година каде што во членот 11-ј спрема тој член, по истекот на првата година од работењето на Регулаторната комисија претседателот на Регулаторната комисија најдоцна до 31 март наредната година до Владата на Република Македонија и до Собранието на Република Македонија доставува годишен извештај. Јас се надевам дека во тој годишен извештај ќе има место и за критики и да кажуваме каде и дали наменски и во права цел се потрошени овие средства кои се планирани.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе пристапиме кон гласање, а во меѓувреме службите да го проверат точниот број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека имаме доволен број на пратеници во салата за да можеме да гласаме.

Предлогот на Финансискиот план го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, 50 гласале за, 1 воздржан и 8 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го усвои Фиансискиот план на регулаторната Комисија за енергетика на Република Македонија за 2004 година.

**Минуваме на точка 14.**

**-Информација за еколошката катастрофа која се случи на јаловиштето на рудникот за олово и цинг “САСА”-Македонска Каменивца** .

Колку што гледам имаме присутен еден пратеник од предлагачите, па можеме да почнеме со расправа по оваа точка.

За збор се јави еден од предлагачите на оваа Информација, г-динот Михајло Ѓеорѓиевски.

ЃОРЃИЕВСКИ МИХАЈЛО:

Почитувнаи дами и господа пратеници,

Иницијативата за расфетлување на еколошката катастрофа што се случи на 30.08.2003 година со излевањето на јаловината од рудникот за олово и цинкг “САСА” - Македонска Каменица, ја поднесуваме по втор пат, бидјеки првиот пат со надгласување беше отфрлена да се стави на дневен ред.

Целта на иницијативата , именувана како Информација за еколошката катастрофа која се случи на јаловиштето на рудникот за олово и цинкг “САСА” - Македонска Каменица, е да се укаже на големите еколошки катастрофални димензии и второ да се натераат релевантните фактори инволвирани во оваа еколошка катѕастрофа, а во прв ред Владата на Република Македонија со ресорното Министерство да поднесат извештај за оваа досега невидена еколошка катастрофа од ваков вид и со вакви огромни еколошки последици по животите издравјето на луѓето, животит еи плодноста на земјината почва во Република Македонија.

Секако зад цеата таа катастрофа стои, пред се, човечкиот фактор и токму затоа да се утврди одговорноста на тој фактор, а тоа е во прв ред првито човек во Ресорното

минситерство при Владата на Република Македонија и понатаму сите човечки фактори одговорни и инволвирани во случајот.

Почитувани дами и господа пратеници, сите ние што седиме тука од народот сме избрани да се грижиме за него, за неговите материјали и духовни потреби , неговито безбеден живот и здравје и воопшто во ова парче земја што се вика Република Македонија .

Со оваа еколошка катастрофа, со излевањето на јаловината од рудникот олово и цинкг "САСА" - Македонска Каменица, почитувани дами и господа, загрозени се животите, здравјето и воопшто опстојувањето на луѓето од Источниот дле на Република Македонија . Ако не го кренеме силно нашиот пратенички глас за итна мобилизација на сите релевантни фактори за отстранвуање на излеаната јаловина, полна со најтешки отрови, Источниот дел на Република Македонија ќе се претвори во права пустиња, без никаков животински и растителен свет и ќе биде за показ пред светот, еве од негрижа на човекот до што може да се дојде во мајката земја, до самоуништување.

Јас овде нама многу да навлегувам кој е крив, сегашната или претходната Влада. Тоа треба да гоутврди стручна и компетентна комисија кога ќе ги испита сите фактори што придонеле да дојде до катастрофата. Во тој правец сакам да укажам дека во првиот заклучок од Информацијата, чиј потписник сум јас, мислам дека треба да се прошири во делот на одговорноста и да гласи: " Владата на Република Македонија , согласно член 225 од Деловникот на Собранието на Република Македонија , да покрене постапка за утврдување на одговорноста на сите релевантни фактори инволвирани во оваа хаварија, вклучително и во прв ред, министерот за животна средина и просторно планирање на Република Македонија".

Најважно од се, почитувнаи дами и господа пратеници, во овој момент е Владата д ани одговори какви мерки презема да ја санира оваа катастрофа и да ги спаси животите и здравјето на населението во тој дел на државата. Мислам дека нема човек во ова Собрание кој не е загрижен за себе и своите сограѓани. Затоа ве повикувам, едногласно да ја поддржиме оваа иницијатива т.е. Информација и да чекаме резултати.

Во врска ос заклучоцит еподнесени од пратеникот Никола Апостоловски, можам да кажам дека поголемито дел од нив се добронамерни и прифатливи, освен првито дле во кој се бара одговорност само на лица инволвирани во овој случај, од претходната Влада. Тоа е тенденциозно и злонамерно. Мислам дека тоа нема да не одведе никаде. Прво треба да се утврди одговорноста и докаже, а потоа и да се превземе.

Околу обезбедувањето на средства за санација, пратеникот Никола Апостоловски предлага 85 милиони денари. Мислам дека тоа треба да го каже стручна комисија, а не тој.

На крајот, почитувани дами и господа пратеници, да заклучиме дека прво и најважно е да се санира положбата околу оваа огромна еколошка катастрофа и второ, да се земат на одговорност виновниците што доведоа до оваа катастрофа и трето, будно да се следи положбата на јаловиштето и тоа никогаш повеќе да не се повтори.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Благодарам г-дине Ѓеорѓиевски.

За збор се јави минситерот за животна средина и просторно планирање, г-динот Љубомир Јанев.

ЈАНЕВ ЉУБОМИР:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас ќе направам еден осврт на Информацијата која е предложена од тројца пратеници, преку која Инфорамција директно се прозива Министерството за животна средина и просторно планирање, и министерот на тоа Министерство.

Уште на самиот почеток се потенцира уште една катастрофана грешка на актуелната власт. Затоа во самито осврт сакам да потенцирам неколку работи, пратениците да имаат увид во она што се бара одговорност. Јас потполно се согласувам дека треба да се бара одговорност, и дека треба да се најдат правите виновници за целата работа. Меѓутоа, мора да се потенцираат неколку работи, бидејки, кога се бара одговорност се тргнува од надлежностите.

Првата работа што сакам да ја потенцирам е дека во однос на состојбите и следењето на состојбите во хидројеловиштата, како објекти, одговорно ресорно минситерство е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно Законот за води и тие треба да вршат односно министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство треба да пропише начини за следење на хидројеловиштата и минимално потребни работи  и мерки за техничко  надгледување на хидројеловиштето. Тоа е процес кој треба да трае во континуитет односно подолг временски период.

Од она што го имаме како констатација, почнувајки со справувањето со последиците од катастрофата на хидројаловиштетот “САСА”, утврдено е дека елаборатот за оскултација преку кој, всушност се увидува состојбата на самото хидројаловиште, овде зборувам за хидројаловиштето “САСА”, последен таков елаборат е од 2000 година.  Се

разбира дека состојбата и водругите хидројеловишта во Република Македонија е таква или слична на оваа. Затоа овде е односно беше присутен екс министерот за земјоделство, шуматство и водостопанство и тојсигурно ќе каже во каква состојба ги нашол јаловиштата и во каква состојба ги оставил, со доаѓањето на новата власт. Затоа потенцирам, ако се смета дека сите хидројаловишта оваа власт со доаѓањето ќе ги реши, веднаш да кажам дека тоа е невозможно, бидејки тоа е процес кој во континуитет треба да се решава.

Понатаму ќе потенцирам уште еден податок кој се презентира како погрешен во самата инфорамција на пратениците, а кој е од суштинска важност.

Прво се тргнува од причината на самата хаварија, а тоа е обрушување односно хаварија на зидовите од оточниот тунел кој поминува по самото јаловиште. Овој податок односно оваа информација е целосно неточна, бидејки хаваријата е настаната со пробивање на шахтата, тоа е еден отпор 60 на 80 сантиметри, тоа е ревизиона шахта преку која се вршила оскултација на целиот дренажен систем кој поминува односно колекторот на дренажниот систем кој поминува преку трите јаловишта и кој ја прифаќа атмосферската вода и преку тој дренажен систем ја евакуира надвор од јаловиштето.

Повикувањето на проектот за кој понатаму по детално ќе зборувам, со кој треба да се изврши санација на оточниот тунел, всушност не ја третира оваа шахта односно не го третира решавањето на проблемот со самото санирање на оваа шахта. Од сегашни анализи, дали таа шахта требало да постои во самиот проект, дали таа шахта е правилно изведена, дали тековното работење овозможувало целиот тој дренажен систем да се оскултира преку таа шахта, тоа е предмет на дискусии и тоа ќе си го кажат релевантните технички фактори и субјекти. Значи овие две претпоставки, всушност, сакам да ги потенцирам бидејки барањата се конкретни и децидни. Затоа и сметам дека пратениците треба да ги имаат предвид.

За неодговорнито однос на сегашната Влада не сакам да зборувам, бидејки овие тврдења се и поушални и неаргументирани, бидејки ние се доведовме во ситуација да го решаваме проблемот откако е наследен. Се разбира дека никој не сака таков проблем, бидејки тоа всушност е проблем на цела држава и истите средства кои ќе бидат дадени за решавањето на овој проблем можат да се наменат за други по продуктивни потреби.

Сакам да потенцирам дека со самото настаување на проблемот Владата од самиот почеток до крајот доследно си ги извршува своите обврски и овој проблем ќе биде решен во најбрз можен времеснки период.

Уште на самиот ден на хаваријата на 30.08. 2003, претставник на Владата односно ние како ресорно минситерство што при вакви хаварии односно при загрозување на

животната средина настапув акако надлежно Министерство, беше присутно и на самото место на хаваријата и ги презедовме првичните, по мене и најважни работи што треба да се преземат во вакви ситуации. Еднаш е интервенирано, обезбедени се преку ноќ, потребна механизација за да се спречи неконтролираното одлевање на самата јаловина по речното корито на Каменичка река. Наредниот ден односно на 01.09.2003 година , како информација беше презентирано пред Владата на Република Македонија , потенцирајки на можните опасности од овие излевања на јаловината на јаловиштето “САСА” и одлевањето во Каменичка река и преку неа во вештачкото езеро “Калиманци”.

Владата на 01.09.2003 година, веднаш на својата редовна 47 седница донесе Одлука за формирање на оперативно тело кое ќе се справува со последиците од оваа катастрофа и интервентно веднаш одобри, по барање 20 милиони средства за преземање на итни и неодложни мерки.

Во тоа координативно оперативно тело беа назначени претседател министерот за животна средина, потпретседател, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и членови претставници од релевантни министерства и институции кои се сметаа за потребни при решавањето на вакviот проблем. Значи во тоа теловлегоа претставници на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство понатаму Министерството за животна средина, од Министерството за транспорт и врски од водостопанскиот инспекторат, Државниот инспекторат за животна средина, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Републичкиот завод за здравствена заштита, инспекторот за цивилна заштита и кризен менаџмент, Градежниот факултет од Скопје, Рударско-геолошкиот факултет од Штип и претставници од рудникот “САСА”

Оперативното тело веднаш наредниот ден се собра и почна со својата редовна работа. Беше извршен увид на целокупната документација со која располагаше рудникот “САСА”, уште во наредниот ден и бидејки не можеше да се предвиди односно не можеше точно да се утврди причината на хаваријата во тие првични моменти, прво беше да се утврди можната причина за настанвувањето на хаваријата.

По времено односно по времено сопирање на истекувањето на јаловината, тоа беше дури на 5.09.2003 година, иако постоеше огромна опасност од влегувањето во самиот тунел, делот оперативното тело, заедно со претставници од рудникот, и покрај опаснсота, влегоа во тунелот и се утврди точното место на хаваријата, што всушност беше и предвидено од анализите на документацијата со која располага рудникот “САСА”.

Бидејки имаше повремени и некотролирани излевања, повторно преку таа шахта , санирањето во тој момент практично беше невозможно. Меѓутоа тој период се искористи да се изврши подготовка за времено санирање на шахтата преку која излегуваше

јаловината. Тоа беше санирано на 9.09.2003 година, со што се сопре излегувањето на јаловината и беше основен предуслов за понатамошни активности што ги превземаше оперативното тело.

Инаку оперативното тело, за ваша информација, се состануваше повеќе пати вотекот на неделата, во првиот момент, а подоцна еднаш неделно и до ден денес тоа исто се состанува.

Бидејќи се создадоа услови, на 11.09.2003 година, подгрупите кои беа формирани во тоа оперативно тело на правија еден целосен увид на состојбата на оточниот тунел и со самото јаловишт еод една страна, а од друга страна беше нарпавен увид на целокупниот систем, дренажен колекторски систем кој ги собира и надворешните атмосферски води, за да може брзо да се реагира и да се преземат соодветнит еинтервентни мерки.

Како интервентни мерки, веднаш се презема правење на евакуационен канал од самиот кратер, во случај на неконтролирани атмосферски врнежи и понатаму се подготви место каде би се направило слапиште, до колку продолжеше истекувањето на јаловината. Значи по самото течение на Каменичка река, се изврши санација на страничните колектори кои ја собираат површинската атмосферска вода која доаѓа од месните потоци и се изврши еден целосен увид на состојбата на самиот тунел.

Во рок од две недели , прво се исчисти самиот тунел од постоечката јаловина а понатаму се почна и со практична санација на оштетените места над тунелот. Инаку од самиот ударен бран на јаловината, низводно до самиот излез беа оштетени односно имаше лабилни или обрушени бетоснки блокови кои мораше да се отстранат, да се искрШат и да се изнесат надвор од оточниот тунел. Тоа се работеше во рок од две недели, со што се создадоа услови за влез на механизација и можност на влез на материјали, да се изврши првично санацијата од стационажа 1150 до 1200 метри, понатаму да се продолжи со останатата санација на оточниот тунел.

Паралелно со овие активности групите кои беа задолжени да извршат целосен увид врз состојбата на Каменичка река на лице место излегоа и направија целосен увид на состојбата, а тоа беше потребно да се утврди точната истечена јаловина, точното место - локација каде е истечена, понатаму, да се направи целосен увид на количината која е потребна да се чисти и да се направи еден оперативен план како тоа да се направи.

За таа намена надлежните институции кои учествуваат во ова оперативно тело подготвија сет од документација, градежна документација која е неопходна прво да се

предвиди колкави средства се потребни за целосно да се направи, а понатаму да се направи оперативен план и целата работа да се изврши.

Направен е главен проект - отстранување на наталожената јаловина од коритото, направен е главен проект за трајна санација на местото на хаваријата односно ревизионата шахта, понатаму, направен е проект за состојбата на стабилноста на самото јаловиште број 3, направен е проект за трајно решавање, доколку е потребно, на каптажите од кои се снабдува со вода Каменица. Направена е целата документација и беше подготвено за да се почне со сите активности кои беа потребни да се направат.

Ние бевме свесни дека сите овие активности треба да се одвиваат во две насоки. Прво, во правец на техничко санирање на технижките објекти и понатаму целосно чистење на Каменичка река и враќање во првобитна состојба.

Се разбира работите беа поставени така што самата динамика на извршување на работите беше прво да се санира техничкиот дел кој го нарекуваме во самите објекти под јаловиштето, а понатаму со тоа санирање да се пристапи кон целосно чистење на Каменичка река долж своето течение.

Во меѓувреме по сите овие сознанија Владата доби ифнормација за сите потребни активности кои треба да се направат и на седница на Влада беа предвидени средства, беше дадена целосна поддршка за целосно справување со сите потребни активности за санација на овој проблем. На самата Влада беа определени средства од 85 милиони од Буџетот за 2004 година за санирање на коритото на Каменичка река.

Во меѓувреме направивме напори, добивме поддршка и од канцеларијата на УНДП во Република Македонија и таа се вклучи во активностите за санирање на ситуацијата со Каменичка река и со свои експерти и со лично учество со рачното чистење се вклучи во овие активности.

На 27 октомри 2003 година започна физичкото чистење на јаловината. Беа склучени договори со јавните водостопански претпријатија кои со своја механизација и потпомогнати со механизацијата на Армијата на Република Македонија, интензивно почнаа да го чистат користото на Каменичка река, кое од ден на ден жистењето се зголемува и со утврдената динамика истото треба да биде направено заклучно со месец февруари.

Сите оние кои зборуваа дека треба да се преземе или не се презема, доволно е да го посетат овој реион, доволно е да го посетат рудникот САСА, да го посетат потегот од Каменица до јаловиштето број 3, каде е настаната хаваријата за да се уверат во некои работи кои овде не аргументирано ги презентираат.

Затоа првиот дел од Информацијата дека Владата неодговорно се однесува кон санирањето на последиците од оваа хаварија е неприфатлив и лесно докажлив, бидејќи секој може и од вас пратениците да се увери во тоа доколку го посети самото место за кое се зборува во Информацијата.

Понатаму, во Информацијата се зборува за целосен информативен молк, се разбира, тоа не е точно, бидејќи она што се гледа и да сака да се сокрие не може да се сокрие. Оперативното тело кое беше формирано на неколку прес конференции ги кажав сите овие работи за кои денес зборувам, но дали сакал некој да ги чуе или не, тоа е веќе друга работа.

Понатаму, ние бевме отворени за секаква информација, бидејќи се знаеше точното време и точното место на одржувањето на редовните седници на Оперативното тело и секоја информација која беше потребна можеше секому да му биде достапна.

Заради тврдење и давање на точни информации и смирување на духот на населението, дел од Оперативното тело пред се преку работата на Републичкиот завод за здравствена заштита, преку ресорните лаборатории, лабораторијата при Министрството за животна средина и повремено лабораторијата на Рударскиот факултет од Штип, вршеше и врши и ден денес редовна контрола на водата за пиење по течението на Каменичка река, на сите извори дали се работи за пумпи, дали се работи за локални извори и на каптажите од кои се снабдува градот Каменица и од самата водоводна мрежа во Каменица се вршеа редовни контроли на квалитетот на водата од аспект на здравствено исправна вода, од аспект на присуство на хемиски, биолошки и секаков друг вид на потенцијални загадувачи.

Ќе кажам дека податоците и одговорно тврдам дека податоците од овие испитувања се добри и затоа постои тој мир кај населението, бидејќи ако населението знае дека водата за пиење е неупотреблива, јас ви гарантирам дека нема вака мирно да се однесува и незагрижено.

Исто така се вршеше и редовна контрола на квалитетот на водата во Езерото Калиманци и тоа на повеќе мерни пункта. Во самиот влез на Езерото, на самиот излез од Езерото и на разгранувањето на водите, каптажите кои ја двојат водата во левиот и десен магистрален систем од хидросистемот - Брегалница. Овие испитувања покажаа дека квалитетот на водата во езерото Калиманци е таков што е во границите на максимално дозволените количества втора категорија што не е опасна за наводнување. Значи, онаа загриженост што ја имавме, мораме да признаеме, за состојбата на квалитетот на водата ни даваше полно право да ги потенцираме тие податоци за да можат граѓаните долж

течението на реката Брегалница слободно, без никакви грижи, да ги користат водите од акумулаицјата Калиманци.

Значи, овој аргумент за целосен информативен молк не држи, бидејќи секој кој сакал можел да добие информации за ова.

Понатаму, ќе се вратам на она што значи, што се потенцира и она што влегува во заклучок и што е потенцирано во самата информација дека постоел владин проект кој Министерството за животна средина го има склучено со Рудникот САСА на 7 јули 2002 година и малку повеќе би се задржал на овој склучен договор со Рудникот САСА, бидејќи ако се читаат датумите ќе видите дека треба да се запраша и екс министерот г-динот Марјан Додовски во врска со преземањето на одредени активности кои истиот требал да ги преземе.

Повторно ќе ја спомнам датата 7 јули 2002 година на која се склучува договор од 3.286 .000 денари како заендичко кофинансирање со рудници САСА за санирање на оточниот кој поминува под јаловиштето број 3.

Од склучувањето на договорот до доаѓањето на власт на новите структури на власта има 3,5 месеци, бидејќи ние дојдовме а и јас како ресорен министер од 1 ноември 2002 година. Инаку, веднаш се префрлени 30% од средствата на име аванс на рудникот САСА. во меѓувреме на 10 септември доставена е и прва времена ситуаицја која е неплатена. На 4 октомври доставена е втора времена ситуација со која се побаруваат 77% од вредноста на склучениот договор. Напоменувам, новата Влада почнува да работи од 1 ноември, инаку овој договор, овие градежни работи треба да се завршат во период од два до 2,5 месеци.

Сега поставувам прашање и самиот си барам одговор зошто господинот екс министер не ја завршил оваа работа во предвидениот рок, бидејќи имал доволно време за тоа ако сметал дека оваа работа е од итен и неодложен карактер.Овде се потенцира дека во меѓувреме се одржаа парламентарни избори, јасно прашувам, ако господинот Додовски знаел дека е ова итна и неодложна работа дали за него парламентарните избори се поважни или санацијата на овој оточн тунел е поважна работа. Се прашувам, дали тој несвесно или свесно го оставил нереализирањето на овој проект, бидејќи имал и доволно пари и доволно време истото да го направи. Сега и јас барам одговор како што бараше почитуваниот пратеник зошто тоа не е реализирано во тој временски пеирод кога реално и за самиот проект за санација се потенцира дека е можно градежните работи да се извршуваат до месец ноември, бидејќи понатаму во самиот тунел има зголемен водостој на вода и практично градежните работи е неможно да се извршуваат. Ќе

потенцирам дека јас како министер за животна средина и просторно планирање дојдов на 1 ноември 2002 година. Значи, и овие аргументи не држат.

Понатаму, поради високиот водостој месеците ноември, декември, јануари и февруари практично е невозможно да се работи во рудникот САСА односно во проточниот тунел. Ако ги гледаме и останатите датуми дека од 14 февруари рудникот оди под стечај, практично нема партнери да се работи, нема интерес да се работи од страна на самиот рудник во санирање на овој оточен тунел. Веднаш се добива одговорот на поставеното прашање. Меѓутоа, тоа не значи, дека бараме рехабилитација од она што го бараше почитуваниот пратеник за испитување на целосната одговорност од самото проектирање, од самата изведба, од самото одржување, од самата контгрола на јаловиштето, до самиот момент и до крајот на релизацијата на чистењето на јаловината од речното корито и санирањето на последиците од хаваријата.

Знажи, јас барам да се направи целосен, детален увид и одговорните за тоа да бидат санкционирани.

На 29 октомври се одржа донаторски состанок, бидејќи Владата на РМ донесе заклучок да се вклучат сите можни потенцијални донатори кои би можеле да помогнат во ваквата ситуација. Можам да кажам дека во континуитет имаме одлична соработка, дека сите оние работи кои треба да се направат односно целосно чистење на истечената јаловина и складирање на соодветно место за тоа ќе бидат направени заклучно со месец февурари 2003 година.

Понатаму, можам да зборувам и да навлегувам во многу детали, меѓутоа, она што се бара во самата инфорамција да се направи и Владата да преземе активности, одговорно и аргументирано тврдам дека се она што се бара во самата информација е досега направено и ќе биде направено со крајно чистење и доведување во првобитна состојба на ситуацијата во самите јаловишта, а исто така и по течението на Каменичка река.

Инаку, за ваше запознавање, да ви кажам дека јаловиштето се наоѓа во катастрофална ситуација. Дека не функционираат пиезометрите и затоа реков дека од 2000-та година не постои елаборат за оскултацијата на самото јаловиште, а кои податоци понатаму служат за преземање на соодветни мерки. Тие податоци не постојат затоа што не работат пиезометрите кои ги даваат тие податоци.

Понатаму, дренажниот систем сега не функционира. Значи, треба да бидат преземени соодветни мерки за еден целосно нов дренажен систем во ова јаловиште. Чистењето ќе се направи, ќе се воспостави целосен мониторинг кој ќе ја следи ситуацијата во подолг временски период.

Значи, сите овие заклучоци кои се бараат односно мерки кои треба да се преземат се напрвени, но доколку собранието смета дека е потребно да се даде опсежна или детална информација во целокупниот процес во врска со настанувањето на хаваријата и преџземените мерки и динамика на планираните мерки, Владата на РМ, преку Оперативното тело за санирање на состојбата стои на располагање да ги даде овие потребни информации.

Благодарам.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Благодарам  г-дине минисре.

За реплика се јави гд-инот Блаже Стојаноски, но г-динот Трендафилов се пријавил за дискусија ама сега бара реплика.

Повелете г-дине Трендафилов, имате три минути.

ТРЕНДАФИЛОВ ЃОРЃИ:

Јас живеам во град каде во средината на 90-тите години се постави во центарот на градот, како што вели министерот за животна средина, мониторинг сидстем, но верувајте јас и голем дел од моите сограѓани ниту тогаш ниту сега не знаеме што тој мониторинг систем мери, и затоа ме интересира  со оглед на тоа дека е извршено мерење на металите кои се влеани, ме интересира кој го изврши мерењето, колку метал е откриен и колку досега и исчистено. Колку што сватив очекувате до крајот на февруари да биде целосно отстранет металот кој се излеа.

Инаку, меѓу другите работи кои беа кажани апсолутно не се согласувам особено со тоа дека не е следена ситуацијата и самиот министер кажа дека кога је презел позицијата во Министерството за   животна средина од својот претходник пронашол дека е детектиран ваков проблем и дека постои договор помеѓу Министерството за животна средина и рудниците  каде ќе се партиципира 50% од средствата ќе бидат обезбедени од Министерството, 50% од рудниците, но не кажа дека во меѓувреме единствена активност од моментот кога министерот и новата гарнитура дојде во Министерството за   животна средина, единствена активност што ја имаат преземено е да испратат стручен тим да изврши увид на местото каде се изведуваат работните зафати да се провери дали ситуацијата на теренот е идентична со ситуацијата  која е претставена и на хартија. Колку што ми е познато информацијата од соработниците на министерот за животна средина вели дека ситуацијата на теренот е адекватна со онаа што е прикажана на хартија. И

понатаму Министерството за животна средина 10 месеци не презема ништо освен додека не се случи тоа што се случи.

Инаку, не ми е јасно како може министеот да зборува дека проблемот е во некаква шахта која мери во сантиметри, па таму се наоѓа цел кратер. Тоа е многу видливо, не ми е јасно како се идентификува проблемот дека е некаква шахта кога има кратер. Битно е оние три прашања што ги кажав на почетокот кој го изврши мерењето, што е резултат од тоа мерење и колку досега е исчистено затоа што при еден, верувам дека за Министерството за животна средина е релативно минорен проблем, јас од истото тоа министерство добив одговор дека еден понеделник во месноста Рамина ќе дојде да се санира слечиште, но и јас и месното население сеуште го чекаме понеделникот да ги видиме стручните тимови кои ќе дојдат на лице место.

Благодарам.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Благодарам.

Повелете г-дине министер.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Господинот Трендафилов постави многу прашања, одеше од Велес до Саса, меѓутоа, ќе му одговорам и за Саса и за Велес. Како што напоменав прво ќе му објаснам некоја работа како настанува кратер од отвор 60 на 80 меѓутоа, не знам како ќе го свати, бидејќи кратер настанува во системот на силос. Сите силоси малку да е појасно, истекуваат по еден отвор и затоа мислам дека натаму не треба да објаснувам, самиот ќе свати како настанува кратер од отвор 60 на 80 см.

Понатаму, сите испитувања се извршени од најодговорните најрелевантните институции во Република Македонија. Републичкиот завод за здравствена заштита ги вршеше сите контроли и хемиски и биолошки и врз основа на тоа даваше оценка за квалитетот за водата за пиење. Истото тоа го правеше и со квалитетот на водите во Езерото Калиманци. Заради контрола, втора контрола лабораторијата на Министерството за животна средина ги вршеше истите тие испитувања. Поединечни и повремени испитувања ги вршеше и Рударскиот факултет од Штип. Не знам кои други институции во Република Македонија се поодговорни и поспособни и поподготвени да дадат одговор на ова прашање.

Понатаму од страна на ЈНДП беа ангажирани двајца експерти, токму од аспект на испитување на влијанието на елементите во самото јаловиште врз целата животна средина и кој потребни понатамошни активности ќе треба да бидат превземени, доколку се постави чиста гаранција, доколку се постави вакво прашање какво што постави г.

Трендафилов, бидејќи и тие испитувања и тие наоди можат да ви бидат доставени на увид. Значи, сите домашни најповикани експерти и двајца странски експерти ангажирани од страна на ЈНДП ги направија тие испитувања и ги дадоа начините како да се вршат понатамошните активности, пред се во чистењето на течението на Каменичка река, а и опасностите кои би се случиле, доколку не биде исчистено течението на Каменичка река.

Друго прашање кое што беше поставено, би можел да ме потсети господинот Трендафилов.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Ова не се пратенички прашања. Јас ги молам и министрите, ако одговараат на реплики да бидат пократки. Ако сакаат да кажат нешто можат да земат збор. Следниот кој што има реплика е г. Блаже Стојановски.

СТОЈАНОВСКИ БЛАЖЕ:

Јас само сакам во оваа прилика да го потсетам министерот дека за она што се случи не може да биде виновен некој кој што бил министер пред една година и да се вадиме со фактот дека некој друг би требал да превземе многу повеќе од она што презел.

Факт е дека три дена по именувањето на поранешниот министер, тој ист министер склужил договор за санација на овој проблем. Од друга страна, Владата во која што вие сте министер се формира на 01 ноември минатата година, а самата хаварија се случи на 30.08.2003 година. Што значи дека имало доволно време, доколку не биле стопирани активностите да се спречи оваа хаварија и да се спречат сите оние штетни последици кои што настанале со нејзиното случување. Слушам во обраќањето на министерот дека ќе се направило чистењето, ќе се направил мониторинг. Единствено можам да запрашам што се има преземено досега, дали имаме преземено после случувањето на таа хаварија во смисла на објавување на резултати, каква е ситуацијата таму, дали има последици од тие случувања на населението кое што живее на тој простор и истовремено, колку е исчистено од она што се случи, колкава штета е направена на езерото итн. Сите овие прашања остануваат неодговорени во целиот овој период и префрлањето на вината на некој претходно дека бил виновен што се случи, мислам дека не е сериозно и треба да се наведе точно она што е направено, она што не е направено треба да се направи, а факт е дека ние не слушнавме работи кои што се направени во смисла на санирање на сегашната состојба, туку само ги слушнавме последиците кои што произлегле од самата случка.

Благодарам.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Има збор господинот министер Јанев Љубомир.

ЈАНЕВ ЉУБОМИР:

Конкретно што е направено. Санирани се 38 метри од отпточниот тунел, санирано е самото место, шахтата, отворот, трајна санација на шахтата на отворот со бетонска облога, санирани се отстранетите лабилни бетонски обрушени блокови долж самиот опточен тунел до излезот. Во однос на чистењето на Каменичка река извршено е целосно чистење на километража. Сега се работи на километража од 4 км тргнувајќи од самото јаловиште низводно целосно се исчистени 2 км, во моментот се чистат и останатите 2 км и динамиката на поставеното чистење е 4 км месечно оставајќи можност поради временските неприлики период од еден месезц период кој би можел времено да ги одложи или ги пролонгира самите активности.

Тоа е како информација за она што досега е направено. Повторувам дека се работи интензивно на останатиот дел од течението. Исто така рачно се чистат местата каде не може механички да се чисти, а тоа се местата кои се на самите земјоделски површини кои се опфатени долж течението односно тоа се узурпирани места по течението на Каменичка река, значи оние места до кои нема пристап рачно да се чистат со луѓе ангажирани група од 20 луѓе, сега ќе се вклучат уште две групи по 20 луѓе и повторувам одредената динамика која е предвидена за целосно чистење на Каменичка река ќе биде реализирано.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

За дискусија има уште пет пријавени.

Има пријавено за реплика вака да се објасниме, можеби ќе биде чудно, јас министерот го прашувам дали бара збор за да може да има повеќе од минута. Го прашувам дали е одговор на реплика за да кажам дека има минута, инаку за сите нас зборот на министерот е одговор на реплика. Затоа, ако се повикувате да му одговорите, одговорете му на првата дискусија кога го имаше настапот.

Инаку, ова е одговор на реплика, а реплика на реплика нема.

Има збор г. Ќахил Аднан

ЌАХИЛ АДНАН:

Сакам да кажам за дискусијата на г. министер кој што даде податоци во однос на загадувањето со металите. Ги кажа сите информации во кое време се погодило тоа и дека најрелевантните организации испитувале во однос на металите и загадувањето. Би сакал тоа да го коментирам и да прашам, се обидував цело време да го видам тоа во изјавите и на конференциите за печат кои што ги дал министерот, да најдам некаде каде што квантитативно се определени количествата на метали, кои се максимални или минимални кои ги има моментално или после хаваријата или една споредба како било претходно а како е сега и кој тоа го направил. Затоа што тука имам табели и тоа изнесени во Службен весник, точно квантитативно колку изнесува тоа за воздухот, за водата и за почвата, колку има тешки метали кои ги загадуваат. На ова ме поттикнува бидејќи во 2003 година имаме од Рударско-геолошкиот факултет за отпадните води и нивното влијание на животната средина за што ќе дискутирам потоа каде што стриктно и со бројки се кажува како, каде и колку се загадува животната средина. Рече г. министер дека испитувани се од страна на Заводот за здравствена заштита и Рударско-геолошкиот факултет, кој се тие релевантни организации за испитување. Јас би рекол дека тие не се единствено релевантни, има и порелевантни, Институтот за хемија, каде што има сигурно подобра опрема од овие институции за испитување на метали. Една споредба што во минатото бев сведок каде што се испитуваше присуството на азбест, истиот Завод на здравствена заштита покажа стандарди дека азбест нема во нашите почви и дека немаме стручњаци за таа работа, иако имаше во Македонија. Тоа го подвлекувам, бидејќи таквите паушални изјави дека се консултирани најдобрите стручњаци за испитување на загадувањето со метали и такви супстанци, не држат, бидејќи јас лично познавам луѓе кои не се консултирани и дека се многу поголеми авторитети во однос на испитување на метали во воздухот, водата и почвата. Така да би требало во иднина да се обрне внимание и барам информации да се дадат и квантитативни показатели за деградацијата на животната средина, не само паушални изјави, бидејќи сепак ние имаме за тие информации во службените весници и затоа би го замолил г. министер, зошто на пример не се консултирани и не се повикани луѓето од ПМФ кои директно ја испитуваат состојбата на металите за деградација на животната средина, а се повикуваат цело време на Институтот за здравствена заштита.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Сега планирам да направам пауза во 13,00 часот до 14,00 часот. Има уште 4 минути. Следниот за збор се јави г. Ванчо Стаменков. Ако дискусијата му трае 4 минути тогаш повелете. Ако не, тогаш после паузата.

Објавувам пауза до 14,00 часот.

Следни дискутанти се Ванчо Стаменков и г. Чедомир Краљевски.

(Пауза од 13,00 до 14,00 часот).

(По паузата).

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Продолжуваме со работа.

За збор се јави господинот Стаменков Ванчо, а нека се подготви Краљевски Чедомир.

СТАМЕНКОВ ВАНЧО:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас како еден од предлагачите на Информацијата и пратеник кој што доаѓа од регионот кој што е директно погоден од оваа еколошка катастрофа, сакам да дадам придонес по точката за да излезат што поквалитетни решенија од денешната седница и што подобро да ја запознаеме јавноста со проблемот. Што се случи на 30.08.2003 година на јаловиштето во рудникот за олово и цинк Саса од Македонска Каменица. Значи денеска треба да одговориме на ова прашање. Всушност и министерот за животна средина и другите пратеници, се надевам дека ќе има и други дискусии. Она што јас го имам како сознание ќе го образложам. Значи во рудникот за олово и цинк Саса се врши експлоатација на олово цинковата руда од која понатаму со флотирање на рудата се произведуваат олово цинковни концентрати и како и кај секој преработувачки процес и овој процес има одреден отпадок, односно материи кои што треба да се складираат. Тоа е т.н. јаловина и некои други отпадни материи.

За таа цел, рудникот има изградено брана за одржување на отпадните материи, јаловиште, кое се наоѓа над протокот на Каменичка река. Водата од реката која всушност, се наоѓа под јаловиштето е спроведена преку подводен тунел, со што досега на некој начин била заштитена од производните отпадоци и јаловината.

На 30.08.2003 година доаѓа до оштетување, на дали е тоа ревизорска шахта или подлогата на тунелот, најважно е тоа дека дел од јаловината се излева во Каменичка река и Каменичка река, притоа минувајќи низ селата Саса -1 и Саса - 2, се влева во Езерото Калиманци, како што знаеме дека е најголемата хидроакумулација во Источна

Македонија. Водите од Езерото Калиманци се користат за наводнување на огромни земјоделски површини во Виничко, Кочанско, Штипско и Свети Николско и преку реката Брегалница која исто така истекува од ова езеро, водата се влева во Вардар. Така што се опфаќа едно многу големо подрачје на кое што се влијае преку оваа еколошка катастрофа.

Инаку, хронологијата на настаните, колку што јас сум запознаен е следната: значи АД “Рудници за олово и цинк Саса” од Македонска Каменица на ден 23.01.2002 година до Министерството за животна средина и просторно планирање поднело барање за заедничко финансирање, односно кофинансирање на проектот техничко решение за санација на опточниот тунел Саса река, така му е името, под новото јаловиште прва фаза. Во самото барање е констатирано од страна на стручни лица, значи тоа се лица најверојатно вработени Рудникот за олово и цинк “Саса” значајно оштетување на облогата на тунелот и е предвидена можност за попуштање на тунелот и со тоа истекување на јаловината во Каменичка река. Поради тоа во самото барање е наведено дека се направени експертизи од еминентни стручњаци од Рударскиот факултет, Градежниот факултет и од Рударскиот институт и во експертизите е утврдено дека рокот за санација е особено итен.

Понатаму, е изготвено техничко решение за санација на опточниот тунел од страна на Рударскиот институт, друштво за подготовка на минерални суровини. Изготвен е главен проект. На Главниот проект е направена ревизија од страна на Градежниот институт. Потпишан е договор меѓу министрите за животна средина и просторно планирање и рудници Саса на ден 7.07.2002 година за заедничко финансирање на проектот во висина од 3.286.567 илјади денари. На 27.03.2002 година се префрлени средства во висина од 985.979 денари. Значи, со ова е започнат и процесот на санација на тунелот. Во процесот на процена на завршените работи по основ на првата рата и подготовките за исплата на втората рата, значи се одржаа парламентарните избори во Република Македонија, каде дојде и до промена на власта. Значи, логично би било и новата Влада да продолжи со овој проект, со оглед на неговата важност и никако не смееше да се застане на тоа ниво на реализација.

Доколку сериозно се зело во предвид дека преработувачките процеси на рудата за добивање на концентрати на олово и цинк се користат натриум цијаниди, метал сулфати, вар и друго, отпадот кој се депонира во јаловиштето содржи кадмиум, цијанид, олово и цинк. Ако веќе започнатиот проект за спречување на штетните последици под ниеден основ не смееше да се закочи, значи нормално би било Владата имајќи го сето ова предвид да продолжи со проектот за санација на опточниот тунел. Министерството исто

така имало време за 10 месеци доста студиозно и темелно да ги утврди сите детали од овој проект, но никако не смеело да дозволи и мирување на истиот, поради што и дојде до оваа катастрофа. Оваа Влада цела една година сите започнати проекти кои што ги има претхдната Влада ги става на страна и некако многу време ги испитува, така да мислам дека не е само оваа штета по тој основ во државата. Имаме и други штети, можеби не како еколошки катастрофи, туку од материјален аспект, поради занемарувањето на тоа да се продолжат проектите што се започнати од претходната Влада.

Лошо за една држава кога се што се рабортело во некоја претходна Влада, дали сега во ова време или во некое идно време, сакам да скренам внимание, доведува до големи штети во државата. И, не треба така да се однесуваме кон она што значи богатство на државата или кон она што значи инвестиција на државата, а ако не продожиме со таа инвестиција, ќе направиме една огромна штета. Ние сме сведоци на илјадицни километри на патишта, кои што не продолжија да се градат, а завршени се некои други работи и да не набројувам стотици објекти од инфраструктурата, со самото тоа што се вложи во нивната инвеситција односно доизградба, ќе мора повторно од почеток да работиме на нив. Мислам дека истиот случај  е и со овој проект. Значи Владата во целина не само Министерство за животна средина како што некој сака да каже тука е одговорна за овој проект , туку целиот оној концетп на Владата  се она што е започнато во претходниот период нечини и треба долга една ревизија  е погрешен и со самото тоа целата Влада е одговорна за оваа еколошка катастрофа. На чело со премиерот на Владата, бидејќи тој е тој што ја прави стратегијата за работа во државата, за начин како ќе се работи во една држава. Инаку, на оваа седница ќе треба, иако се одговорени доста од прашањата што ќе ги постават, треба да се дадат многу поточни писмени одговори, да се изнесат во јавноста, да се објават преку јавните медиуми на следните прашања. Значи какви ќе бидат во бројки последиците, а по степенот на декградација и загадување на водата, воздухот и почвата. Конкретни бројки да изнесеме и граѓаните да ги знаат кои се тие бројки.

Второ, какви ќе бидат последиците за здравјето на луѓето во тој регион и кои врз основа на тоа какви мерки ќе се превземат од државата за заштита на здравјето на луѓето од овој регионот. Сигурно дека има и некои превентивни мерки што може министерот за здравство да ги посочи, за да можат едноставно луѓето да почнат да се заштитуваат од оваа еколошка катастрофа што се случи.

Трето, каков ќе биде квалитетот на водата за пиење за тамошното население, се мисли на Каменица бидејќи најпогодена е со оваа еколошка катастрофа сега и во

иднинина. Зошто велам во иднина? Бидејќи во иднина знаеме дека водата за пиење која што користи е обично подземна вода и оваа вода треба подолг период за да се загади. Така, овие отровни материи кои што сега се наталожени на површината на почвата веќе одат се подлабоко и ќе ги загадуваат подземните води и како ќе и кои мерки ќе се преземат во овој дел, за да се спречи ова и загадување,или ако неможе да се спречи да се најдат алтернативни извори за вода за пиење во  Каменица кои што нема да бидат под влијание на еколошката катастрофа.

Каков кќе биде квалитетот на водата во езерото Калиманци. На почетокот кажав дека оваа вода се користи за наводнување на обработливите површини во еден поширок регион. Тука е Виница, Кочани, Овчеполијата, Штипското обработливо земјиште, така што мора да се одговори и на ова прашање.

Петто, какво е моменталното, како и натамошното загадување на подземните води во кочанско и во штипско. Знаеме дека во Кочани се пие вода од локалитетот Грдоски Орман. Таму има бунари од кои што се црпи подземна вода, а која што е во самата близина на Брегалница. Така, овие бунари се едноставно поврзани сигурно со реката Брегланица преку почвата и има  голема веројатност дел од отровните материи од оваа еколошка катастрофа од јаловината да набвлезат во подземните бунари односно граѓаните во Кочани да пијат загадена вода.

Значи, треба еднoследење на состојбата и што побрзо на реализација на проектот, кој што јас го потенцирам постојано во ова Собрание и изградбата на брана на Оризовска река, која што е алтернативниот извор за вода за пиење на целиот тој регион.  Треба многу посериозно да му пријдеме на ова прашање и конечно да  видиме и некоја реализација во Парламентот на иградбата на браната на Оризовска Река.

Шесто, што ќе се случи кога од акумулацијата на Калиманци ќе истече заракнатата водена маса и во неа ќе остане олово-цинковата лава помешана со новите атмосферски и подземни води.

Седмо, какви ќе бидат целокупните услови кои во иднина ќе живее населението во тие простори. Да дадеме една оценка за тоа што во иднина ќе се случува таму. Тоа мора да биде од еминентни стручнаци. Таа оценка треба да биде од тие експерти кои се занимаваат со таа работа, тоа транспарентно да се објави и оваа анализа да биде достапна на граѓаните на Република Македонија. Значи, носител на сето ова би требало да биде Министерството за животна средина и просторно планирање и овие одговори во еден пократок рок да и бидат достапни на македонската јавност. Беше кажано доста и за одговорноста околу сето ова. Се зборуваше за сето тоа, но јас несакам да навлегувам  во поединечната одговорност и да ги дефинирам лицата кои се одговорни за ста оваа

работа. Има надлежни органи, кои што треба да превземаат соодветни активности во та насока. Јас сакам да го свртам вниманието во делот на одговорноста, дека одговорноста не треба да ја гледаме само како она пукање односон од моментот на случувањето на еколошката катастрофа, туку одговорноста е т.е треба да се погледне од повеќе фази.

Првата фаза би била самиот еколошки процес. Дали вработените односно одговорните лица во АД рудници САСА во технолошкиот провцес применувале соодветна технологија, за која е докажано дека може со примена на одредени реагенси да се намали учеството на отровни материи на самата јаловина односон во отпадните материи. Тука, исто така, има одговорност, можеби и на државата дали вршеле инспекци за времето на тој технолошки процес и дали има правено такви контроли дека во самиот процес на експлоатација се применвуаат сите овие потребни материи односно супстанци, реагенси да се намали количината на отровните материи во јаловината.

Вториот дел би бил околу самата градба на таа брана. Дали сето тоа е изградено како што треба, почитувајќи ги прописите за изградба на такви брани или е изградено партизански без одредени стручни знаења во таа област. Едноставно, државата во тоа време дали се погрижила тоа да биде изградено како што треба. Секако, дали воопшто смеело да се направи еден таков рудник таму, кој што би претставувал потенцијална еколошка бомба во некој нареден период, знаејќи ја демократската псотавеност на рудникот, мислам знаејќи каде се наоѓа. Значи, тоа е воделот на враќање назад во минатото, одговорноста.

Исто така, во делот на превентивното одржување може да се каже во делот на превенцијата е втората одговорност, кога веќе тоа го имаме и постои, значи, постои превенција, за да се спречу еколошката катастрофа. Исто тука ќе се одредат факторите кои влијаеле превентивното одржување оооода затаи и да дојде до оваа катастрофа.

Третата одговорност е во самата реализација односно реакција по случувањето на катастрофата. Веќе се има случено катастрофата, како што кажавме на 30.08.2003 година, Како државата реагираше што побрзо да се санира случената катастрофа. Дали овој Парламент има одговорност за самата реакција. Јас мислам дека прво треба да се појде од самиот Парламент, да се има огромна одговорност, за ваков страшен проблем, всака сериозно прашање да чека три месеци од случувањата, односно од еколошката катастрофа, ние сега расправаме за неа. Која е таа сериозност, ние како највисока власт на државата, законодавен дом, по едни вакви прашања да ни требаат три месеци да расправаме и да најдеме адекватно квалитетни решенија. Сигурно и ние сите тука имаме одговорност. Одговорноста на Владата која би била, па мислам дека рокот од 10 или од девет дена, кој што беше спомнат е исто така долг. Сигурно, државата можела многу

побрзо да реагира за да се спречи натаму истекувањето, а не се обрнало доволно внимание односон доволна грижа што може да значи оваа еколошка катастрофа за Македонија. Проблемот не се сватил сериозно. Инаку, ако реакцијата била брза и како што треба, можело да биде од многу помали размери и за еден ден да биде тоа санирано. Бидејќи, како што се спомна дека  самиот отвор низ кој што истекува јаловината во Каменичка Река е многу мал. Значи тоа можело да се санира многу брзо, дури и да се направи насип или одредена брана насипна со јаки машини да се спречи излевањето на Каменичка Река во езерото Калиманци. Сигурно имало можности за посилна и побрза реакција во делот на што побрзо запирање односно прекинување на еколошката катастрофа. Значи тоа се многу важни прашања на кои што треба да одговориме. Ова треба да ни биде една голема опомена за во иднина да ги сваќаме многу посериозно работите и едноставно да изработиме еден, може да се каже, план, проект за можните еколошки бомби во Македонија, каде имаме да ги лоцираме. Ние во Македонија имамеи и други рудници, кои исто така имаат свои јаловишта, а сите знаеме во каква материјална состојба се, или се во стечај или се ликвидирани. Едноставно, анема кој таму да внимава на овие јаловишта. Ако треба не мора во Македонија да се копа руда, олово-цинкова руда, ако тоа е она кое покажува дека во иднина во некои наредни години десетина, 20 или 30 години овие јаловишта ќе бидат огромна опасност за животот на граѓаните во Македонија.Можеме и да ги затвориме, како што и сега се затворени и воопшто не се затвораат, а да најдеме начин од овие јаловишта некако да успееме да се спасиме, за да не претставуваат закана за животната средина.Исто така, ако и се отворат некогаш, државата преку своите органи,инспекции, служби да врши редовна контрола на работењето на самите технолошки процеси , бидејќи се знае дека технолошките процеси се најважните оние кои што влијаат на степенот на присутност на отровните материи на јаловината.

Се надевам дека, пред се, оваа седница ќе послужи за опомена Благодарам на Собранието, на Владата, на целата македонска јавност дека треба многу посериозно да ги сватиме проблемите сврзани со животна средина, бидејќи сепак ако ние ја загадиме животната средина, било што друго да направиме успешно, сето тоа ќе биде анулирано, бидејќи нема да има каде да живееме.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Благодарам г. Стаменков.

Бидејќи, господинот Краљевски не е присутен тука, следниот за збор пријавен е Љубисав Иванов Ѕинго, а нека се подготви г. Благој Голомеев.

ИВАНОВ ЉУБИСАВ-ЅИНГО:

Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги,

Јас би сакал да оваа дискусија тука не се развива во правец на меѓупартиска пресметка и да добива политички димензии, туку да се одвива во правец на укажувањата кои се причините кои доведоа и кои можат да доведат, допрва до вакви тешки и катастрофални последици по околината, по здравјето на луѓето. Ние овие последици веројатно ќе ги осетиме, нарочито после 10 до 15 години. Тоа се процеси кои се одвиваат многу споро и кои воглавном ќе ги зафатат подземните води. Не може да се лоцира одговорноста на еден или два министри. Не може да се лоцира одоговорноста за еден така тесен временски период од година, две или три. Нашата одговорност е многу подалечна и таа неодговорност која ја имавме према целокупната економија, а посебно спрема рударството, практично доведува до почетните крупни проблеми кои настапуваат еве тука по еколошка основа, утре по економска, социјална, политичка и така натаму. Ако имаше субјект, производен во Каменица, ако рудникот работеше во Каменица, ако имаше производство, ако имаше преработка, ако имаше реализација, ако имаше стручно раководење на тој објект, немаше да дојде до ваквиот проблем, затоа што на тие стручњаци кои работат, кои се ангажирани во производството на рудата, во нејзината преработка, во случајот на нејзиното сепарирање и флотирање, се преземаат сите мерки за заштита, за обезбедување, за одржување. Тоа се се пропишани норми и во самите акти на организацијата и во законите и во Рударскиот закон и тогаш и одговорноста ако се случеше до таква хаварија и до такви проблеми за кои што тука ние денеска расправаме, тогаш ќе беа одговорни тие луѓе кои раководеа со тој субјект.

Меѓутоа, почитувани колеги, ние на еден подолг период многу неодговорно се однесувавме спрема целата да кажам економија, а нарочито спрема рударството. Само еден податок ќе ви кажам. За 50 години во рудникот “Злетово” се промениле пет директори. Само од 1993 година до денес се променети некаде околу 12 директори. Каде е нашата голема грешка што ние кога ќе дојде некоја партија на власт се менуваме. Тоа сум го зборувам сто пати до сега. Место да таа промена дојде до некое ниво заменик министер и така натаму, тоа сите партии го прават. Сакаме да донесеме, таму каде што е струката најбитна, сакаме да донесеме партиски војници и како резултат на една таква погрешна политика што ја водевме во која еве и јас учествував овие 12 - 13 години, укажував дека тоа не треба така да го правиме. Ние практично, поради нестручно раководење, неквалитетно раководење, нарочито во рудниците, тие се специфични, таму

се бара голема стручност, големо знаење и луѓе од струката, од праксата. Додека имавме такви луѓе, некаде до 90-тите години, сите тие рудници функционираа. Нарочито во претходниот период и сите покажуваа високи резултати и високи ефекти. Према тоа, ние мораме подлабоко да го гледаме овој проблем. Ако така не го гледаме и ако зборуваме за еден настан и за една хаварија која ни се случи таму во Каменица и да зборуваме само за последиците од неа, тогаш ако тоа не го гледаме пошироко и ако не преземеме мерки, економски, реални, објективни, на поширок план, ние ќе ги доживееме сличните судбини и во Злетово и во Тораница, да кажам и во Фени и во Југохром и во Бучим и тн. И Бучим е голема еколошка опасност. Гледајте како Бучим го доведовме, во која ситуација го доведовме. Према тоа, ние мораме на овој проблем да му пријдеме многу студиозно, нарочито во обласат на рударството. Ние располагаме со прекрасни кадри, геолози, рудари и флотери, луѓе кои имаат големи знаења, големо искуство, кои се покажале во праксата. Да ги ангажираме и оние луѓе кои се пензионери. Нашите олово-цинкови лежишта се практично нашето црно злато. Ние немаме нафта, но затоа имаме огромни наоѓалишта, преку 40 милиони тони докажани резерви - а, б, ц и тн. Ние мора да го планираме нашиот развој на суровинските бази кои што ги имаме во Република Македонија. На тој проблем, ако таа САСА не беше ставена во стечај, или тој што ја стави, или што тие дојдоа за стечајни управници, тие мораа да ги преземат сите мерки. Но, се поставува прашање. Зошто дојде до стечај еден рудник кој е најбогат во Европа, кој има 13%, 14% во олово, плус цинк. Господ само ретко во светот направил да едно лежиште има колку олово, толку цинк и извонредно лежиште кое одговара и на нашата топилница и така натаму. Ние располагаме со 62% резерви од резервите од поранешна Југославија, а имавме само 10%. Према тоа, се работи за едно големо богатство, за едно големо оруднување, за еден огромен масив. Зошто го зборувам сега ова? Затоа што немаме стратегија. Немаме, неседнуваме тој проблем да го проучиме, простудираме и понудиме брзи решенија. Ако тоа не го направиме многу брзо, ќе имаме последици, големи и крупни во сите лежишта, а Осоговскиот масив е цело рудливо.

Сега размислувам, па ми дојде на памет, 2.000 години се обавува рударство на тој Осоговски масив. Со завршувањето на инперии се престанало со рударење. Римската империја пропаднала, рударството замрело во тој Осоговски масив. Дошла Византиската империја, поново активирано. За време на Сасмоиловот царство и Душановото царство повторно активирано рударството во тој Осоговски масив. Турската империја до максимум го користела рударството. Со нејзината пропаст, пропаднало и рударството во Осоговскиот масив. Па, зарем ние сме империја што го уништивме рударството?

Некја чудна работа се случува. Значи, ако тој масив 2.000 години е експлоатиран, но тие експлоатирале олово 80%, бакара експлоатирале со 40%, ние денеска се задоволуваме со овие проценти што даваат економски ефекти. И, ако ги земеме и ретките метали што се наоѓаат во овие рудници, златото, среброто, кадмиумот, иридиумот, индиумот и тн., и ако она општество паметно направило една репродукциона целина: рудници - сировинска база - топилница - акумулатори - хемиска индустрија, тогаш зошто ние сето тоа го оставивме да пропаѓа? И, ако продолжиме така, и овие стечаи, неразумни, каде што доаѓааат стечајни управници кои појма немаат, исто доаѓаат по разни врски, не само тука, и во другата наша индустрија, тие и недоаѓаат да нешто направат, да се активираат, туку брзаат да се ликвидираат. Ќе ги ликвидираме рудниците, ќе оставиме проклетство за нас, да се зборува во наредните генерации.

Според тоа, не може ниту Министерството за екологија, ниту Министерството за земјоделство да сеземе само за одговорно за овие проблеми. Одговорноста е многу, како што реков, многу поголема и многу подаслечна и сите во таа насока ја сносиме таа одговорност. И да не се случеа катастрофите во Пробиштип, се работи за јаловишта што доааѓаат од флотациите, јаловишта во кои што се наоѓа, кои утре можат да бидат нови рудници. Зошто да бидат? Затлоа што утре ќе биде рентабилно да се експлоатира и со 1% и со 2% олово - цинк. Како што, кога јас завршував факултет беше рентабилно, рудниците беа со 5% бакар, денеска и со 0,3% се рентабилни.

Рудното богатство не се раѓа, не се создава. Тоа е еднаш создадено. И, кога тоа ќе се извади што е богато, станува рентабилно и тоа што е сиромашно. А нашите јаловишта, тие што доаѓаат од флотациите, тие доаѓаат заедно со водата. Исто така јаловиштата се нападнати и од околни води што доаѓаат после дождови. ако тие јаловишта не се одржуваат, ако не се дренираат, ако не се испушта водатас, во тие јаловишта се наоѓаат хемикалии, најразлични, кои се многу штетни по околината, се наоѓа олово, се наоѓа цинк, се наоѓаат други метали. А, сите јаловишта се направени со насипни брани. Не се бетонски браните. Сите јаловишта, за сите јаловишта, не само за олово - цинковите руди. И за другите руди се потенцијална опасностд.

Според тоа, ако некој сака некој рудник да затвори, тој мора да ги преземе сите мерки, да ги обезбеди таквите јаловишта, не само јаловиштата што доаѓаат од флотациите, да ги обезбеди и депониите на кои што доаѓа јаловина, откривка или по друг основ што исто така претставува опасност по околината. Ние, мислам дека, еве сега, тука министерот зборуваше дека треба да се вложи таму некаде 100-тина билиони денари за санирање на таа хаварија што се случила во проточниот тунел под едно јаловиште, а можеше со толку пари дас им се помогне на рудникот Саса и да се донесеа квалитетни

луѓе, со тие пари да се купеше нова опрема, квалитетни луѓе, способни да го организираат тоа производство и да го имавме рудникот, во кој што тие луѓе ќе спречеа да се случи една ваква немила појава во рудникот. Тоа се однесува и за другите рудници.

Затоа би препорачал на сите министерства што се инволвирани во овој проблем да направат екипи, тимови, има извонредни луѓе во таа област, да за секој рудник посебно понудат решение, од сите аспекти: од производен, значи економски, од заштита до рентабилност на секој објект. Ние, Саса е екстремно богата, меѓутоа, ако се земат сите три субјекти, спаѓаат во средно богати лежишта во Европа. Европа има недостиг од олово и цинк. Има периоди, тоа се берзански артикли, не е тоа случај само со оловото и цинкот, тоа е случај и со алуминиумот и со златото, тоа е случај и со бакарот и тн., кога има падови на цени, тогаш се вклучуваат амортизерите, да ја амортизираат таа ситуација. Ама, има случаи кога имаме екстремно високи цени. Еве сега, цените на феро никелот од 4.000 евра отидоа на преку 12.000 евра. За таков краток период треба да се организира масовно произвлодство, да се искористат тие цели, да се создадат фондови и профит да се создаде, да се обезбеди да утре, кога ќе дојдат падови на цени што ги диктираат воглавном мултинационалните компании, да се тоа амортизира.

Предлагам, еве тука има некои министри, нека се пренесе во Владата, некои ме слушаат ова што го зборувам, да таквите тимови понудат решенија. Повторно да се активираат тие рудници. Тоа е нашата перспектива, тоа е нашиот излез. На основа на нив, можеме да развиеме и хемиска индустрија и преработувачка индустрија. Приказната со топилницата е посебна. Никој не седнал до сега да понуди решение во тој поглед. Некои зборуваат дека многу пвоеќе ќе чини ако се исели топилницата од таму. Но, нема никакви пресметки затоа. Никој не понудил да се исели хемискиот дел од таа топилница, да се однесат таму на Криволак, Серта и тн., во оној дел во кој што не живее никој, а да се види можели да се направи тотална заштита на металуршкиот дел, а може. Ама велат ќе чини многу. Па, дајте да видиме колку ќе чини.

Потоа, државата мора да размисли дали тоа ќе го приватизира и кога ќе го приватизира? Дали ќе го приватизира во ваква ситуација во каква што се наоѓа или треба да го тоа доведе во производна кондиција, па тогаш да го продаде за дебели пари. Или да задржи 40% и за себе да влечат профит. Значи, едно комплексно прашање, треба многу ум, многу знаење, многу студии, многу идеи да се искористат и да најдеме ова решение да ја покренеме економијата.

Ние парите ќе ги потрошиме, а мораме тоа да го направиме само во обезбедување на овие јаловишта кои секогаш ќе бидат потенцијална опасност ако нема

луѓе кои тоа ќе го одржуваат, кои тоа ќе го надгледуваат, кои ќе преземаат мерки на санација, на регулација и тн. Секогаш ќе бидеме изложени на опасност.

Ако имаме вакво богатство ние несмееме вака да се однесуваме кон него и не смееме тоа богатство да го дадеме во некои раце, како што беше случајот со Бучим. За тоа длабоко треба да размислиме, да не ги направиме историските грешки. Ако некој се однесува и во Ирак и во Кувајт и во Саудиска Арабија вака према нафтата и таа ќе биде таму нерентабилна. Според тоа нерентабилноста и проблемите произлегуваат од нестручно работење. Од многу политика, од малку стручност, од малку економија. Во тој правец се решавањата. Ние можеме сега да земеме некого да го обесиме, да го ставиме на пиедесталот на одговорноста, ама не е човекот тука, не е грешката во еден човек. Во сите нас е таа грешка и таа треба брзо, брзо, брзо да се исправи. Тука треба да одигра значајна улога Министерството за економија, каде што припаѓаат рудниците. Тука да се вклучи и Министерството за екологија, па и Министерството за земјоделие, незнам зошто е тоа одговорно за јаловиштата и Владата комплетно да заземе став во тој правец да се изнајдат позитивни, корисни и добри решенија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Иванов.

Збор има господинот Благој Голомеев, а по него е господинот Никола Апостоловски.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕЕВ:

Благодарам господине претседателе,

Почитувани министри, почитувани колеги,

Како член на Кризниот штаб, кој беше формиран од Владата и од стручни лица од повеќе дисциплини кои имаат врска со овој проблем чувствувам потреба да кажам неколку збора. Ќе се обидам да бидам пократок, бидејќи сето она што министерот го искажа, тој даде цела хронологија на работата на Кризниот штаб, по мое видување добро е да се разговара за вакви проблеми, вакви “еколошки катастрофи”. Добро беше да се разговара и претходниот пат кога беше иницијативата, барем мојот став беше таков, меѓутоа добро е ако оваа расправа биде во функција на зголемување на одговорноста која евидентно ни недостасува во сите сфери на живеењето, а покрај другото се манифестира таа неодговорност понекогаш на многу порадикален начин, како што е случајот со оваа еколошка катастрофа. Не треба ова да биде во функција на политички маркетинг или политичко надмудрување бидејќи на тој начин нема да се постигне потребниот ефект.

Се работи за објекти, зборувам за хидројаловиштето од таканаречен висок ризик, објекти кои континуирано, многу одговорно треба да се менаџираат, опсервираат и секој зафат на тие објекти мора да биде строг смислен и подложен на ревизија.

Како што истакна и самиот министер во овој случај само во таканаречениот опточен тунел, тунел кој што поминува под јаловиштето се преземени одредени активности во смисла на создавање на правење на ревизиона шахта со димензии 60 x 80 сантиметри, која има правоагална форма наспроти формата на самиот опточен тунел кој има елипсовидна форма и на тој начин не е тоа така случајно направено, се е во функција на издржување на притисокот од јеловината која лежи врз тој опточен тунел. Со тоа е создадена една слаба алка во целиот тој систем, доаѓа до пукање на ревизионата шахта и преку неа се излева огромна количина на јаловина.

Се работи за многу ситна маса, со микронски димензии 65% е минус испод 74 микрони, или 0,074 милиметри. Можете да замислите со какви миграциони својства располага таа миграциона маса. Во неа има големи количини на олово, цинк, кадмиум, антимон. Покрај тоа има и многу хемиски супстанци и затоа опасноста од нејзиното излевање е присутна.

Веднаш по настанувањето на оваа хаварија можам да кажам дека Владата многу одговорно, ревносно пристапи кон санирањето на проблемот. Формира кризен штаб и се зафати веднаш да се пристапи кон, од една страна санација на проблемот, а од друга страна континуирано мориторинг во смисла да се следи состојбата и да не се дозволи на било кој начин во опасност да дојде здравјето на луѓето.

Во таа смисла изработени се елаборати, изработени се проекти и од страна на градежни инжинери е извршена санација на опточниот тунел. Запрено е натамошно истекување на јаловината. Сега е во тек,како што истакна и самиот министер една опсежна акција на повеќе водостопански организации кои се вклучени во чистењето на Каменичка Река. Динамиката предвидува во рок од три месеци, почнувајќи од крајот на октомври, во рок од три месеци, со работна динамика од 22 дена месечно ќе дојде до комплетно исчистување на коритото и враќање на јаловината на местото каде што е истечено. Меѓутоа, мориторингот сигурно дека ќе продолжи и во наредниот период. Се работи за смеса со многу високи миграциони способности и поради влијанието на атмосферските прилики може да има одредено влијание, посебно на подземните води.

Најпрво што беше направено беше санирање на каптажите од каде населението се снабдува со вода и континуирано следење на чистоќата на подземните води, на квалитетот на водите и можам одговорно да тврдам дека тие анализи беа правени во Републичкиот завот за здравствена заштита, одделни анализи беа правени на Рударско-

геолошкиот факултет и во целиот овој период нема никаква опасност односно не е надминато дозволеното присуство на сите овие штетни супстанци во подземните води. Тоа не значи дека во наредниот период нема да дојде до загадување односно не значи дека нема можности од евентуално загадување и токму затоа потребно е овој мориторинг да продолжи, да биде опсежен и да биде во функција на минирање на можните опасности од оваа еколошка катастрофа.

Морам да кажам дека овие хидројаловишта се многу објекти кои бараат многу одговорно менаџирање. Дури и по евентуалното затворање на одделни рудници посебните хидројаловишта мора да бидат подложени на континуиран мониторинг, затоа што опасноста што можат да ја направат, штетите што можат да ги направат постои се до нивното дефинитивно ревидирање. Во тие  системи постојат дренажни системи, постојат колекторски системи, постојат физиометриски системи кои се во функција на следењето на стабилноста на таканаречените песочни брани. Тоа се дефакто песочни брани и затоа одговорноста во нивното опсервирање мора да биде на највисоко ниво.

Оваа хаварија според мене покажува една друга работа. И ова е, можам да кажам данок што го плаќаме, данок на транзицијата, бидејќи во овој период на транзиција, во овој период на осиромашување на стопанството, за ова нешто кажа и претходниот дискутант, господинот Иванов, мислам дека во оваа економска неизвесност наједноставно и најлесно за сите стопански субјекти, па и за рудниците е да штедат. Таму каде што не треба да се штеди се прекинуваат врските со научните институции, се прекинуваат контактите кои треба да придонесат и за порентабилно, поефикасно  и поекономично, пред се побезбедно водење на технолошките процеси, побезбедно функционирање на системот. Меѓутоа, тоа е нашата реалност, тоа е нашата стварност и затоа мораме да правиме се. Во таа смисла Владата мора да одвои  една добра сума на средства која е веќе и одобрена и мора да се преземат сите неопходни мерки ваквите ситуации да не ни се случуваат во иднина, бидејќи последиците се далекусежни и тешко предвидливи.

На крајот да кажам дека во принцип се согласувам со заклучоците поднесени од пратеникот Апостолов. Ова нека биде уште една поука дека треба да бидеме многу, многу поодговорни ако сакаме да создадеме еден систем, ако сакаме да создадеме една пристојна држава во која системот едноставно ќе функционира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Голомеов.

За ваша информација има уште 4 дискутанти. На ред е господинот Никола Апостоловски, а по него е господинот Томе Тромбев.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам господине претседател, почитувани министри, почитувани колеги,

Неспорно е и навистина има потреба Собранието на Република Македонија да расправа за хаваријата што се случи на јаловиштето на рудниците за олово и цинк "Саса" Македонска Каменица, а јас како пратеник што доаѓам од тоа подрачје и тоа како сум заинтересиран за причините и отстранувањето на последиците од настанатата хаварија.

Денес расправаме по Иницијативата за еколошката катастрофа која се случи на јаловиштето на Рудникот за олово и цинк "Саса" од Македонска Каменица и веднаш на почетокот да истакнам дека на барањето за ставање на точка на дневен ред на Информацијата на група пратеници од ВМРО-ДПМНЕ не гласав од причини што нивната предложена информација по мое видување спаѓа во доменот на политичката демагогија која има една единствена цел - да се одврати вниманието на јавноста од криминалот што го сторија за време на нивното владеење, а префрлајќи ја одговорноста за еколошката катастрофа на актуелната Влада, притоа искажувајќи ја наводно нивната загриженост за оваа хаварија.

Ако претходната Влада била загрижена за правилно и рентабилно работење на рудниците "Саса" во периодот 1996-2002 година кога во Каменица ја имаа локалната и извршната власт и нивните партиски луѓе беа на чело на органите на управување на рудникот на оваа седница немаше да расправаме за настанатата хаварија, ниту пак рудниците "Саса" ќе беа ликвиридарни и 1300 рудари ќе останеа без работа.

Оваа моја теза може лесно да се докаже, со едноставна споредба на фактите дадени во Информацијата и она што е навистина сторено од страна на сегашната актуелна Влада.

Имено, во Информацијата предложена од група пратеници на ВМРО-ДПМНЕ се наведува: "Неодговорниот однос кон државата на актуелната Влада на Република Македонија резултираше со уште една катастрофална грешка овој пат во делот на негрижата кон животната средина односно кон природата." На ова можам да одговорам - неодговорен однос на државата имаше претходната влада на ВМРО-ДПМНЕ од причини што не ги преземала сите потребни мерки и постапки за да не се случи оваа хаварија, што ги наложува членот 116 а во врска со членот 103 и со член 115 од Законот за води "Службен весник на РМ" број 4 од 24 јануари 1998 година.

Почитувани колеги, само да ви го прочитам членот 116, кој вели: "Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува начинот на следењето на наносот во акумулациите".

Согласно овој закон одговорност треба да се бара од претходната Влада, односно од нејзиниот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Второ, Информацијата е пишувана на брзина за постигнување на политички цели се наводите дека хаваријата настанала на опточниот тунел, што не е вистина, бидејќи според податоците што ги имам добиено од Министерството за екологија точно е утврдено настанувањето на хаваријата и тоа со пробивање на горната плоча од контролната шахта, чие постоење е дискутабилно односно непотребно.

Трето, во Информацијата од група пратеници од ВМРО-ДПМНЕ се наведува дека повеќе од еден месец хаваријата на јаловиштето постои информативен молк со што се сака да се протурка тезата дека надлежните органи односно актуелната влада ништо не презема. Оваа констатација подоцна е демантирана бидејќи од страна на Министерството за екологија се одржани повеќе прес конференции, а медиумите во Република Македонија редовно ја известуваат јавноста за состојбите и мерките што се преземаа за санација на хаваријата.

Во податоците што ги добив од Министерството за екологија дадени се одговори на сите поставени прашања што ги интересираа пратениците односно што ги поставуваа во информацијата и тоа: хаваријата се случила на 30.08.2003 година; истекоа 160.000 метри кубни јаловина која се меша со водите на Саска Река и се таложи долж течението на Каменичка Река во должина од 12,5 километри. Дел од јаловината, околу 20.000 метри кубни се таложи на вливот на Каменичка Река во Акумулацијата “Калиманци”. Владата на Република Македонија заседава на 1.09.2003 година, наредниот ден после настанувањето на хаваријата. Значи, Владата имала одговорен однос.

Формирано е координативно оперативно тело за справување со последиците од хаваријата и тоа во импозантен состав. За претседател на ова тело е поставен министерот за екологија, за заменик министерот за земјоделие, за членови има од Министерството за земјоделие, Министерството за животна средина, Министерството за транспорт и врски, Водостопански инспекторат, Државен инспекторат за животна средина, Државен инспекторат за техничка инспекција, Републики завод за здравствена заштита, Сектор за цивилна заштита и кризен менаџмент, Градежен факултет, Рударско-геолошки факултет од Штип, Градежен институт, Рудници за олово и цинк “Саса”. Обезбедени се 20 милиони денари од Буџетот како интервентни средства а за споредба Владата на ВМРО-ДПМНЕ можела санацијата на тунелот да ја реши само со 3 милиони денари, а ако имала само тронка одговорен однос, а сега мора да платиме 35 пати поголема сума.

Во составот на координативното-оперативно тело формирани се групи од технички аспект. Направена е проценка на местото и причините за хаваријата, што подоцна се покажува како исправна постапка, што уште еднаш се докажува сериозниот пристап на Владата  кон настанатиот проблем.

И покрај направените обиди да се влезе во тунелот поради обилните истекувања на јаловината, тоа е сторено на 5 септември, значи 4 дена подоцна, и покрај опасноста по животите на членовите на оперативното тело. Направен е целосен увид што и те како е потребно за преземање на наредните чекори во санацијата.

На 09.09.2003 година, е изврешена времената санација на пробиената шахта. На 11.09. направен е целосен увид и преглед на тунелот и се врши негова времена санација, а се задолжува Градежниот факултет од Скопје да изработи проектна документација за трајна санација на оштетениот тунел. После две недели отопчнати се работите за трајна санација на тунелот и истата треба да се заврши во рок од 60 дена. Моментално трајната санација е завршена на делот каде се појави хаваријата и веќе нема опасност истата да се повтори. А завршена е санација на останатите 50 метри од тунелот.

Паралелно со претходно наброените активности преземени се и други мерки. Изработен е проект за отстранување на јаловината што ќе чини 75 милиони денари, и моментално се работи на отстранување на истата од коритото на Каменичка Река, а е изработено и техничко решение за заштита на изворите на водата во овој реон чија реализација потребни се 8 милиони денари.

Владата реално проценила дека месното население кое има имот ќе бара обештетување за настанатите штети и затоа предвидува во Буџетот за 2004 година соодветен износ на средства.

Господа пратеници, од досега кажаното може слободно да се заклучи дека актуелната Влада имала крајно одговорен однос кон овој настан. Но да продолжам. За да се постигне саканата цел, опозицијата повторно во информацијата ја префрла одговорноста на актуелната Влада, како што кажав на почеток да се сврти вниманието на јавноста од криминалното и неодговорно работење на претходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ, односно предлагачите на Информацијата наведуваат дека во 2002 година е започнато со реализација на проектот за санација на опточниот тунел и биле одобрени 3.276.567,00 денари и на 23.07.2002 година, пред изборите, биле префрлени средства на Рудниците Саса во износ од 985.979,00 денари и наведуваат дека тие ќе продолжеле со санација на тунелот, но ги спречило промената на власта на 20 октомври 2002 година. Каков цинизам! Но, почитувани пратеници, вистината често е болна, но мора да се слушне, макар и со задоцнување и тоа не само за настанатата хаварија на тунелот туку и

за пропаста на Рудниците Саса, што е вистинската причина за настанатата хаварија. Еве ги причините за настанатата хаварија и настаните кои директно влијаат истата да се случи.

Опточниот тунел и јаловиштето се градени во 1981 година, согласно потребите на Рудниците Саса за одложување на јаловината во самото јаловиште, а согласно проценките за количината на јаловина која ќе се добие од производството на руда, концентрати, метали во наредниот период. Опточниот тунел и јаловиштето каде се случи хаваријата се градени со капацитет да ја прими јаловината за наредните 10 години. Бидејќи заполнувањето на јаловиштето се движи со поголем обем од предвиденото, согласно зголемениот план за производство на руда, раководството на Рудници Саса за почнува со подготовки и добивање на дозвола за изградба на ново јаловиште, после полнењето на постојното, кое според производниот план требало да се заврши со примање на јаловина во 1995 година. Бидејќи за изградба на ново јаловиште е потребен подолг период, раководството на Саса во 1987 година започнува со подготвителни работи за изградба на ново јаловиште и за изменување на трасата на патот на потегот кон селото Саса, кој е пристапен пат кон Рудниците и кој со изградбата на новото јаловиште ќе биде зафатен од истото. Новата траса од патот е пробиена и е изграден тунел потребен за патот во должина од 125 метри.

Сите овие работи се завршени до 1995 година и според планот потоа требало да се почне со изградба на ново јаловиште, бидејќи постојното немало капацитет да ја прими јаловината која ќе произлезе од натамошното работење на Рудниците. Наместо да се започне со изградба на ново јаловиште и доградба на патот, тогашното раководство продолжува и понатаму јаловината да ја таложи во веќе постојното јаловиште, иако тоа не било во можност да ја прими целокупната јаловина. Како последица на зголемената маса на јаловината таложена во јаловиштето надвор од дозволеното проектантско решение, доаѓа до оштетување на опточниот тунел, кое оштетување е констатирано во втората половина на 1999 година. Тогашното раководство на Рудниците, предвидено од чичкото на тогашниот премиер на Владата на Република Македонија, наместо да се зафати со решавање на вообичаените проблеми во правец на санација на рудникот, бидејќи за тоа имало можности, како резултат на рекордното производство и постигнатите максимални финансиски резултати, овој проблем го игнорира, а средствата добиени од производството се трошат за други намени, поради што во годината на рекордното производство Рудниците покажуваат рекордни загуби кои произлегуваат од финансиското покривање на трошоците за парламентарните избори 1998 година, што доведува до финансиски колапс на Рудниците Саса, поради што беше неминовно

отворање на стечајна постапка, во која доверителите, односно фирмите и банките кои работеле и соработувале со Рудниците пријавуваат побарување во вкупен износ од блиску 50 милиони евра.

Врз основа на укажувањата на стручните служби на Рудниците Саса и Републичкиот секретаријат за законодавство во 2000 година, после една година е нарачан проект за санација на опточниот тунел под јаловиштето, за да конечно проектот за санација на тунелот е завршен во мај 2002 година.

Почитувани колеги, ова е Извештајот на Републичкиот инспекторат за рударство, кој констатира оштетување на опточниот тунел, а тоа е Извештај од 19.10.2000 година.

На 6.11.2000 година е направен записник, со кој уште еднаш Рударскиот инспекторат констатира дека има оштетување. (Го покажува записникот).

Ова е првата страница на техничкото решение за санација, мај 2002 година. Значи, се знаело за оштетувањата и хаваријата била на повидок.

Министерството за животна средина и просторно планирање склучило договор со Рудниците Саса за кофинансирање на проектот во месец јули 2002 година, кога веќе укажаните проблеми кулминираат. Министерството одобрува средства за санација на опточниот тунел во износ од 3.276.000,00 денари, а ја исполнува обврската во висина од околу 1 милион денари и се откажува од натамошните барања за продолжување на финансирањето на проектот за санација на тунелот.

Почитувани пратеници, ова е извод, дневен извод од банка, еве парите каде се преведени блиску еден милион денари. Ама знаете за што се потрошени? За мобилни телефони пред изборите на раководството на Рудниците. Кој сака може да провери.

На санацијата на тунелот е работено само 15 работни дена и тоа од 19.08.2002 до 9.10.2002 година, што може да се види од постојниот градежен дневник. Кратко ќе го прочитам.

“Допис од Рудници Саса до Министерството за екологија.

Достава на ситуација за извршени работи по одобрени средства и барање на средства за втората рата.

Во прилог ви ја доставуваме ситуацијата за извршените работи во месец август 2002 година на објектот “Санација на тунел - Саска река”. Воедно ве молиме да ги дозначите средствата планирани во втората рата, како би можеле да наставиме со работите во месец септември”.

Тоа е на 5.09.2002 година.

На 9.10.2002 година ново барање до Министерството за екологија, ќе прочитам само еден пасус.

“Бидејќи ние сме во изразито тешка финансиска состојба и не можеме со сопствени сили да го продолжиме работењето поради потребните репроматеријали, се обраќаме со ова наше писмо за ваше што поитно дозначување на одобрените средства, како би биле завршени сите неопходни работи на санација, за да се спречат евентуалните штети и последици што би настанале од ненавремената реализација на санација на објектот”.

А за овие милион денари што се дадени не е ништо направено, господа. Ништо, апсолутно. Еве го барањето на 9-ти.

Надлежните институти потребно е да ги преземат сите потребни мерки кои им стојат на располагање за да се утврдат причините поради кои не дошло до продолжување со санацијата на опточниот тунел и каде завршиле средствата добиени за таа намена.

На 22.08.2002 година е разрешен тогашниот директор господинот Санде Тасевски и на негово место доаѓа господинот Филип Петровски. Штрајкот во Саса почнува на 1.08.2002 година и со прекин трае до крајот на октомври месец, а после тоа од тогашниот Управен одбор се донесувани одлуки за времени прекини на работата. На 9.12.2002 година господинот Слободан Марковски е назначен за извршен директор, а Рудниците со редовна работа почнуваат на 16.12.2002 година и работат до стечајот кој е отворен во Рудниците на 14.02.2003 година.

Почитувани колеги, сакам во натамошната моја дискусија да проговорам за вистинските причини за оваа еколошка катастрофа а тоа е уништувањето на Рудниците Саса, гигант во рударството, втор рудник во Европа по експлоатација на оловоцинковна руда, а причините за неговото пропаѓање се чисто политички. Ќе се погрижам во кратки црти пред целокупната македонска јавност да го претставам филмот, кој рударите и граѓание на Македонска Каменица го гледаат секојдневно во времето од 1996 до 2002 година под работен наслов “Пропаст на Рудниците Саса од Македонска Каменица”, по сценарио и режија на ВМРО-ДПМНЕ. Имено, во март 1997 година...

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Господине Апостоловски, вие бевте доста илустративен во врска со точката, а сега за рудникот можеме посебна точка да имаме и да расправаме.

АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА:

Приврршувам. Во март 1997 година Управниот одбор на Рудниците е под целосна контрола на Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ од Каменица и за претседател на Управниот одбор е поставен господинот Санде Спасовски, член на Општинскиот комитет

на ВМРО-ДПМНЕ. Ова е статут на организацијата, наведени се сите членови, можете да ги проверите.

Во ноември 1998 година за генерален директор е именуван претседателот на Управниот одбор, претходно споменатиот господин, кој функцијата ја врши само еден месец.

На почетокот на јануари 1999 година за генерален директор е назначен господинот Љупчо Димитровски, чичко на тогашниот премиер на Владата на Република Македонија, кој го презема рудникот во најдобра кондиција што значи нова механизација и извршени целосно подготвителни работи за максимално производство на руда. За да биде владеењето со рудникот целосно, а со тоа и неговото уништување да биде комплетно, во април 1999 година е променет Управниот одбор и е формиран нов, од кој од девет члена шест се истакнати членови на ВМРО-ДПМНЕ. И сакам само да спомнам еден господин, тоа е господинот Михајло Георгиевски, инаку предлагач на Информацијата. Од каде господинот залутал од Македонскиот јазик во рударството, незнам.

На чело на Управниот одбор односно за претседател е избран Перо Митревски, актуелниот градоначалник на Македонска Каменица кој доаѓа од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, кој истовремено е и повереник на државниот капитал, што е во спротивност со сите закони, бидејќи во исто време ја има и контролата и управувачката функција во свои раце и тука почнува вистинската агонија на Рудниците и рударите и граѓаните на Македонска Каменица.

Сакам на кратко да ги изнесам финансиските и производствените резултати, за да знаете што се случувало.

(Уфрлување со зборовите “тоа не е тема”).

Тема е. Не ви се слуша, инаку е тема. Само слушајте.

Во 1999 година произведени се 61 илјада тони концентрат, а се покажува загуба од 102 милиони денари. Во 2000 година се произведени 62 илјади тони концентрат, максимално производство од постоењето на рудникот, ама се покажува и максимална загуба, 82 милиони, а во 2001 година 52 илјади тони производство на концентрат, фрапантни 416 милиони денари загуба.

Како успешно работел Управниот одбор на уништување на Рудниците, ќе ви наведам само два примери и тоа: Управниот одбор сам си донел одлука за наградување само на тројца надворешни членови, иако за тоа нема законски основ, со што овие надворешни членови заработиле за две години по пет илјади евра. Еден од нив е и господинот Михајло Георгиевски.

Втор пример е Завршната сметка на Фудбалскиот клуб Саса преку кој се перени сите пари, во која се искажани потрошени средства во 1999 година во износ од 600 илјади евра, а Саса испадна од прва лига! На Годишното акционерско собрание на Рудниците Саса по Завршната сметка во 1999 година, на прашањето на рударите акционери на што се потрошени овие 600 илјади денари, тогашниот претседател на ФК Саса одговорил: Секое задоволство се плаќа.

И денес рударите во Макеоднска Каменица се прашуваат каде тоа играше фудбалскиот клуб Саса, дали во шпанската, италијанската, англиската или германската лига. Ова, господа пратеници може да се види на видео записи, бидејќи рудниците Саса беа гигант, сите собранија на акционерите се снимани на видео запис.

На крајот од мојата дискусија сакам да истакнам што очекуваат чесните рудари и нивните семејства од денешната расправа во Собранието на Република Македонија. Очекуваат актуелната Влада јасно и гласно да им каже на сите како пропаднаа Рудниците Саса, кои се  виновниците оваа рударска населба да ја дотераат до работ на амбисот, за која работа виновниците имаат дебели банкарски средства на сметки во странство.

Покрај тоа, рударите од Македонска Каменица очекуваат да им се даде одговор за многубројните афери што се случија во периодот 1996-2002 година, како што се:

1. Продавање на концентрат под пазарни цени.
2. Манипулации со вештачкото ѓубре.
3. Земање кредити под неповолни услови
4. Финансиско работење на Јавното комунално претпријатие од Македонска Каменица
5. Финансиското работење на ФК Саса кое веЌе не постои од причини што веќе нема пари.
6. Кој ги плаќаше летните одмори на разни функционери да пловат со најмодерни јахти и се шетаат по островите на топлото и бистро Средоземно Море.
7. колку пари - тоа посебно ќе ја интересира опозицијата - потрошивте за парламентарните избори 1998, за претседателските 1999, за локалните 2000 и за парламентарните во 2002 година.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Ве молам господине Апостоловски.

АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА:

8. Зошто се прогласени за технолошки вишок најголемиот дел од техничкиот адар во Рудниците, па подоцна судот да ги врати на работа, па сега во стечајната маса има побарувања од 10 милиони денари од вработените по основ на судски пресуди.

Истовремено, при бркањето технолошки вишок се примени 150 луѓе, партиски кадар.

9. Зошто рударите штрајкуваа со глад и бараа азил во земјите по светот во 2002 година? По мое мислење, тоа беше последниот момент да се спаси рудникот од пропаѓање.

10. Зошто најдобрите рудари се прогласуваат за технолошки вишок? Дали само заради тоа што не гласаа за ВМРО-ДПМНЕ?

11. По колку станови купиле тогашните функционери на Рудниците Саса во Скопје и во другите градови на Македонија?

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Господине Апостоловски сепак, не е тоа на дневен ред. Завршете затоа што навистина ќе ви го земам зборот.

АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА:

На крајот, почитувани пратеници, да завршам. За сите овие криминални дејанија и нивните сторители во Македонска Каменица се знае. Тоа е јавна тајна.

Затоа, ги повикувам Јавниот обвинител, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи и сите други надлежни органи да ги преземат сите законски мерки за утврдување на одговорноста на сите лица инволвирани во пропаѓањето на рудниците и да дадат одговор на рударите и граѓаните на Македонска Каменица, бидејќи тоа го очекуваат и истото го заслужуваат, а ние тоа им го ветивме на изборите 2002 година.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Сакам нешто да кажам. Без оглед дали е опозиција или позиција, јас можам да дозволам да се оди и надвор од точката на дневен ред, бидејќи сепак има некој историјат. Но ако премногу се отиде надвор од точката на дневен ред, би замолил културно во иднина тоа да не се случува.

Господине Трендафилов, вие имате реплика?

Повелете, три минути.

ТРЕНДАФИЛОВ ЃОРЃИ:

Ќе бидам краток. Во оваа пријатна приказна што ја слушавме од претходниот дискутант недостасуваше уште да ги спомне оние антидатирани решенија подготвени од поранешниот Совет и градоначалникот на општина Делчево во врска со едно прашање кое одамна го поставив пред министерот за внатрешни работи, а станува збор за: што се случи со обештетувањето и со постапките против лицата кои своевремено го водеа пазарот на пари. Очекував дека нешто ќе спомне за тоа, затоа што господинот кој претходно дискутираше доста добро заработил од Министерството за одбрана, затоа што му исплати би рекол една поголема сума на оштета, нешто што останатите вработени во Министерството за одбрана неможат да го добијат.

Истовремено, би апелирал пред се до вас како претседател на ова Собрание, ние можеме како што велите да дискутираме за многу точки и да излегуваме често од темата на дневен ред, но сепак, кога зборуваме за сериозни работи како што е проблемот кој е сега на дневен ред, би требало сепак да се држиме до точката на дневен ред, затоа што треба да дадеме ако не повеќе барем еден тон со кој би ги стимулирале надлежните институции поскоро да го завршат тоа што сега го работат, како што рече и министерот за животна средина дека до февруари ќе заврши чистењето на металите од Калиманци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута реплика г-динот Апостоловски Никола.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуваниот колега Трендафилов кажа пријатна приказна. Еве, јас ќе му прочитам една кратка пријатна приказна: Одлука за определување на износ на награда за ангажирање на членови на Управен одбор во рудници “САСА”. Износот на наградата за работното ангажирање во врска со работата на Управниот одбор и организацијата на целокупните активности на членовите на Управниот одбор изнесува за претседателот 9000 денари, тоа е градоначалникот на Македонска Каменица, за другите надворешни членови 8000 денари, еден од нив е колегата Михајло Георгиевски.

Што се однесува за втората реченица околу надокнадата од Министерството за одбрана ќе ја прашате Антикорупциската комисија.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

За реплика се јави г-динот Ѓорѓи Оровчанец.

ОРОВЧАНЕЦ ЃОРЃИ:

Бевме сведоци на уште едно бригадирско излагање на пратеник од СДСМ со цел да ја докаже вината на минатата Влада, а да ја докаже невиноста на оваа Влада. Информацијата која што сакавме да ја направиме беше со цел да се согледа целата состојба со катастрофата која се случи, а не со ова. Меѓутоа, кога веќе ги начна работите треба да знае дека состојбата со јаловиштето е констатирана поодамна. Врз база на тоа направен е акционен план, а врз база на тоа во јуни 2002 година потпишан е Договор по што се уплатени третина од средствата за санирање на јаловиштето, конкретно за тој одводен систем што е таму. Она со што пратеникот мавта, тоа е барање од рударите, односно од изведувачите да се уплати втората рата. Знаете дека по завршување на одредени работи мора да дојде инспекција која што треба да види дали средствата од првата рата се потрошени наменски за да се уплати втора и да продолжи понатаму со работа и изведување, односно и со уплата на втората и на крај со последната рата. Ова се случува во период на 30 август, ова барање со кое се мавта тука. И понатаму се случуваат изборите и факт е дека работата по тој Договор околу санација на јаловиштето не продолжува работата до 30 август оваа година. Значи, имаме комплетно замрување на сите работи. И тука е тежината на таа работа.

И уште една работа, тој цел договор за санирање на јаловиштето беше со вредност од 6 милиони денари. Денеска проценките за комплетна санација на штетите што се направени се 100 милиони денари. Па сега Вие можете да оцените и да напаѓате и да викате и вујковци и управни одбори, реалноста е таа. А понатаму ќе земам збор за да ги изложам катастрофалните последици и на ситуацијата поради која  и сеуште не се делува, затоа што во Калиманци, практично во езерото имаме 3% на јаловина  внесена од ова јаловиште.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Контра реплика има г-динот Никола Апостоловски.

АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА:

Очигледно дека колегата Оровчанец не сака да ги слушне фактите. Точно е дека 3 милиони се одобрени и правата транша е милион денари . Еве, извод од банка 23.07.2002 година. Господа, платени се мобилни телефони на вработените во  “САСА” кои се членови на Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е пред изборите. Тоа е вистината. Еве ги барањата. Зошто г-динот ваш министер не ги префрли другите пари. А

друго, за ова ништо не е направено, не е работено. Проверете, има градежен дневник во рудниците.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

За реплика се јави госпоѓа Ганка Самоилова-Цветановска.

САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА ГАНКА:

Благодарам господине претседателе. Се' додека прашањата од областа на заштитата на животната средина се третираат на начин на кој што пред малку беше изложен од страна на пратеникот од СДСМ уверена сум и убедена дека и понатаму ќе ни се случуваат еколошки катастрофи.

АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА:

Јас навистина сакам да не се случуваат еколошки катастрофи. Ама еднаш засекогаш во оваа држава треба да ги казниме виновниците за да не ни се случуваат такви работи. Еднаш засекогаш треба да ги казниме за да биде опомена за другите.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

За реплика се јави г-динот Мавровски Спиро.

МАВРОВСКИ СПИРО:

Од ова што го слушав како излагање почувствував дека колегата има голема грижа како рударите од “САСА” биле избркани, биле приморани на некои активности кои самите не ги сакале. Но, г-динот пратеник тука пред сите нас и заедно колегите пратеници од позицијата гласаа да се избркаат од Електростопанство околу 400 рудари. Јас се надевам дека тие рудари исто како што кажа г-динот Апостоловски е добијат на суд, само тогаш нема да бидат 10 милиони денари, туку ќе биде некоја сума од која што ќе не боли главата, а кој ќе ја плати ќе видиме. Сигурно народот повторно, затоа што тоа се случи еднаш во РЕК Битола беа избркани во 1993 година луѓето се вратија по судско решение во 1998 година, во 1999 година претходната Влада ги прими на работа и за нив исплати околу милион и 200 илјади марки оштета. А тоа не ги платија оние кои ги избркаа од работа, туку сега се тие повторно директори во Електростопанство. Ова што кажувате дека еднаш засекогаш треба да се решат некои работи, јас се сложувам. И сега после една година вие викате дека претходнито министер е крив за се што се случи во екологијата, утре може истото, ако се истури во Велес населбата, повторно ќе биде крив

тој министер што не ја завршил работата, еколошката катастрофа во Преспанското езеро ќе биде повторно од пред 5 години и се' така некој друг ќе биде крив, а ние 10 месеци ќе чекаме нешто да направиме и не направивме ништо и сега да видиме претходниот министер од јули до август, или до септември зошто не го направил тоа. И грижата уште еднаш за фудбалскиот клуб “САСА”, затоа што го нема повеќе. Истото се случи и со фудбалскиот клуб Пелистер кои господата од позицијата не убедуваа дека ќе ја освоиме фудбалска Европа, ама сега за жал сме во  меѓународна втора лига, а сега никој нема виновен и никој не сака ни да се повика за таа работа. Ете толку е вистината. А зошто нема сега фудбал, треба да каже некој од Македонска Каменица, а не со ова да го поврзува.

АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА:

Ќе почнам од крајот. И во Делчево нема фудбал, па се знае кој е виновникот и кој е газда на фудбалскиот клуб и на стадионот за наредните 100 години, тоа се знае.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

За реплика се јави г-динот Чедомир Краљевски.

КРАЉЕВСКИ ЧЕДОМИР:

Мојата реплика е кон излагањето на г-динот Апостоловски и се состои   само во тоа што документот, фотокопијата од изводот од банка што го покажа е доказ дека се извадени пари од банка, а не е доказ дека се потрошени тие пари за купување на мобилни телефони. Тоа е инсинуација од типот: рекла, казала.

АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА:

Господине Краљевски, еве, Мобимак. Ќе ви умножам, ќе ви поделам: Мобимак.

ЈОРЕДАНОВСКИ ЉУПЧО:

За реплика се јави г-динот Трајановски Коце.

ТРАЈАНОВСКИ КОЦЕ:

Изгледа г-динот од СДСМ е најтипичен претставник на СДСМ колку можат да бидат жестоки во своите дискусии кога е во прашање опозицијата. Имено, мислам дека треба да дадат одговор зошто е престанато со санација на јаловиштето од 15 септември 2002 година па до август 2003 година. Дури сега после оваа дискусија многу ми е јасно. Вашата

цел не е како власт, како Влада кои што ги добивте изборите да работите за доброто на народот, туку напротив престанавте со работењето за да се случи таа катастрофа што се случи, инаку немаше да се случи доколку продолжевте, жртвувавте еден цел град, една цела акумулација, еден цел крај се' со цел да покажете дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ имала пропусти во своето работење. Јас се сложувам дека имала, меѓутоа вие тотално престанавте да работите во Република Македонија и затоа од 15 септември наваму ни се случува да народот веќе нема леб за јадење во Република Македонија. Не мислите како да ја оправите состојбата, нон стоп се бавите со историјата. Се надевам дека ова ќе ви бидат последни говори за во минатото. Се надевам дека ќе почнете да работите и да ги реализирате оние работи коишто им ги ветувате на граѓаните. Инаку, ова е најескалантен пример дека не се работи се' со цел да се прикаже што не успеала претходната Влада. Инаку, изводот што е даден, јас незнам од кои средства се. Изгледа г-динот е голем стручњак за економија и за сметководство, јас мислам дека не е и ни вади тука изводи, тој треба да каже од кои пари и од која сметка. Секое претприајтие има повеќе сметки, подсметки и незнам што. Инаку секое претпријатие мислам дека плаќа мобилни телефони. Веројатно сеуште не работиме со некои застарени методи.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Тука завршуваме со реплики. Доста се изреплициравме, а граѓаните нека оценат кој е во право.

Следниот говорник е г-динот Даневски Слободан.

ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН;

Господин претседателе, дами и господа пратеници, господа министри, заслужува посебно внимание денешната седница затоа што третираме едно многу актуелно прашање и сигурно со нетрпение не гледаат граѓаните од Каменица, не само од Каменица, туку сите оние кои живеат , се занимаваат и имаат некоја перспектива она што значи рудари и рударство и комплетно за сите прашања што се занимаваат со оваа проблематика. Верував дека оваа седница иако се доцни со овој материјал, оваа Информација, верувам дека намерата беше добронамерна за да се укаже она што е направено како хаварија и расположението кај сите пратеници беше тоа да дадат апсолутно подршка на она што се случи во Македонска Каменица, затоа што гледајќи какви се состојбите во Македонска Каменица 90% од луѓето не работат, тој е мртов град. Мртов град, затоа што ништо не функционира. И сигурно ги интересира сега граѓаните што Парламентот, бидејки ја зема улогата Парламентот, еве како што тука некои наши

колеги кажуваа дека Владата работи сериозно, има сериозен пристап исто и Парламентот има одговорност како последен филтер во ова што значи одлучување по многу битни прашања. И денеска пак се претворивме во судница и денеска нашите колеги испаѓаат од контекст, обвинуваат , оваа Влада е виновна, овие се виновни. Дајте да се тргнеме од она да не се етикетираат. Знаете како не делат во Парламентот граѓаните: имате во Парламентот две категории на пратеници. Едната категорија е пратеници кои се оправдано отсутни и другата е неоправдано присутни. Таа е вистината. Сега се доведуваме до една таква ситуација Парламентот да ги занимава граѓаните. Ова е сериозен проблем затоа што не само што не работи и не функционира еден град, затоа што се нарушени некои природни принципи во природата, екологијата. Ова го зборувам затоа што не само што сум пратеник од изборна единица број 3, затоа што е загрозен и системот Калиманци, затоа што е загрозена акумулацијата, затоа што се загрозени тие луѓе што живеат во местото каде што е јаловиштето, затоа што имаме некои информации, имаме некои пишани бројки. Не може во овој момент да судиме ние, затоа што не сме стручни и компетентни да кажеме дали ова што е сработено во овој период, дали дел  Министерството, ресорните минситерства и оние што ги добиваме како информации се вистинити и точни , или ќе нема, или ќе има последици по економската состојба и живеењето на граѓаните. Во контекст на ова прашање сигурно дека нас не интересира што и кои мерки ќе ги преземе Владата. Што ќе преземе Владата? Сега ние се  занимаваме со прашања , грешела Владата. Сигурно, може неслучајно во овој период од цела година можеби е виновна Владата во минатиот состав затоа што направила договор со Господ и природата да не врне во тој период, да немаме интензивни врнежи во тој период, затоа што доаѓаме во принцип дека, ако не биле врнежите немало да се случи оваа хаварија со јаловиштето. Ова не го зборувам само за рудникот “САСА”, ова го зборувам затоа што ние како држава,како Влада, како Парламент немаме концепт за развој, немаме концепт што ќе правиме со рудниците. Сигурно дека стои едно прашање со кое треба да се позанимава и Владата, сигурно и Парламентот, дали ние со новиот закон за трговски друштва дали ја укинавме златната акција, што е перспективата и што ќе се случува со рудниците? Една Англија која направи еден експеримент да ги оттуѓи рудниците. Виде дека не може и не е добра таа постапка и затоа ретерираше , се врати назад. Во овој момент нешто што треба да направи одговорна  Влада и одговорен Парламент, тоа е да размисли дали не треба да формираме ние јавно претпријатие на акционерска база со што сите рудници би ги ставиле во едно претпријатие. Да видиме што е концептот на државата, што ќе се случува со рудниците. Знаеме дека Пробиштип е мртов град,  за “САСА” да не зборуваме, и сите рудници ни пропаѓаат, Топилница и други

Државата мора да најде мерки. Јас мислев дека денешното дискутирање на сите пратеници и сите пратенички групи ќе биде во тој контекст да се најде оптимално решение, да се задолжи Владата, да се иницира размислување затоа што знаеме како стојат, екстра рента се добива од рудниците. Можеби во овој момент не е рентабилно да работи рудникот за олово и цинк, можеби по година дена ќе се случи . Истиот случај го имавме ние со Фени. Тука уште што немаше обвинвуање и од едната страна и од другата, уште какви приказни не слушнавме, уште какви документи. Гледате ли на овој документ што пишува? Ништо не пишува, бел документ, кој може да види од таму.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Господине Даневски не Ве прекинувам затоа што сте надвор од темава, туку затоа што ми ветивте дека ќе бидете краток.

ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН:

Еве, ќе ја скратам мојата дискусија во контекст на она што значи да побуди едно размислување кај Владата за одговорна Влада да се направи, а може и седница, или незнам што, да се размисли дали треба јавно претприајтие кое ќе ги опфати рудниците. Имаме случаи, иако се приватизираат, она што изгубивме златната акција, државата мора да води ред за рудниците, бидејки тоа е национално богатство на државата и мора да се најде оптимално решение, државата да стопанисува со рудниците. Тоа го чекаат граѓаните, тоа го чекаат рударите. И тоа очекуваат од нас како Парламент да направиме законски проект, да ја задолжиме Владата, тоа сакаат. На граѓаните им е преку глава од вакви јалови дискусии.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Благодарам што ми помогнавте.

За реплика се јави г-динот Караџовски Жарко.

На кого имате реплика?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

На Даневски.

Не мора г-динот Даневски тоа да го свати како реплика, туку ако може да даде едно појаснување.

Прво, г-дине Даневски би сакал да објасните што подразбирате под категоријата неоправдано присутни пратеници. Оправдано отсутни, знаеме што значи. Добро е да знаеме дали има воопшто и трета категорија пратеници.

Молам, да ми прочита што пишува на тој бел лист со кој мавташе, дали е тоа пракса во ова Собрание. Обично се мавта со листови каде што воопшто ништо не пишува.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Г-дине Даневски, имате реплика од една минута.

ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН:

На почитуваниот колега Жарко Караџоски  ќе му дадам право утре да ми постави пратеничко прашање, сега да не ја замараме јавноста.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Добро, малку шега не е на одмет.

За збор се јавува пратеникот Аднан Ќахил.

ЌАХИЛ АДНАН:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата

Денес на дневен ред ја имаме информацијата во врска со еколошката катастрофа во рудникот за олово и цинк САСА.

Тоа за мене е многу важна информација. За жал ваквата информација малку доцна дојде на дневен ред. Патем речено, во врска со тоа требаше да дискутира и Комисијата за екологија, но и транспорт и врски при Собранието. По редот на нештата, она што се случува во Македонија треба да биде на дневен ред и на овие комисии. Тоа не се случи, незнам од кои причини. Во иднина треба да имаме таква пракса, веќе кога има вакви проблеми, еколошки проблеми, да дојде на дневен ред на Парламентот, не само на Владата, сите ние пратеници да имаме еден соодветен став. Сепак ќе се согласите дека екологијата и еколошките проблеми за национален интерес и би требало да има поширок консензус во врска со ова, бидејќи се она што се случува во врска со животната средина, директно сите не тангира, без разлика за која Влада се работи и како се работи.

Јас во мојот говор ќе се обидам да не напаѓам, едноставно оваа дискусија да не добие призвук, од типот, минатата Влада беа криминалци, минатата Влада беа хоштаплери, минатата Влада беа такви и такви, бидејќи ако добро ги согледате работите, секој што грешел, а ако грешел намерно, затоа имаме институции на системот и треба да ги казни нив. Но, очигледно дека една година по минување, а и ако не се случило катастрофа, ниту еднаш немаше на дневен ред да знаеме ние дека имало пропусти од

мината Влада ви врска со оваа Влада. Јас очекував од органите за прогон и другирте релевантни институции денес да слушнам, во врска со ова, во минатата Влада и минатиот период определени министри, определени луѓе направиле такви такви намерни пропусти, да бидат казнети. Такво нешто не гледам, а никако не ги ослободува и релевантните фактори и институции, вклучително и министгри, во овој дел од владеењето од минатата една година да не бидат одговорни, ама апсолутно за ништо. Тоа не држи и не е добро.

Еколошката катастрофа што се случи во јаловиштето на рудникот за олово и цинк САСА - Македонска  Каменица секако претставуваше и претставува многу важен настан кој има националнидимензии и со поголема сериозност требаше да се пристапи кон овој проблем. Но, очигледно самиот факт што денес доаѓа на дневен ред ваков важен настан за граѓаните и воопшто за земјата, многу кажува за пристапот на власта и одговорните кон овој проблем.

Додека министрите и провладините медиуми се обидуваат да ја смират вознемирената јавност, олово цинкот и цијанитите што се употребуваат, покрај другите супстанци во флотацијата на рудникот САСА, продираат во земјата, во растенијата и во артериите на томошните жители. Каменица, започнува да ја живее својата агонија, а надлежните не преземаат соодветни мерки.

Во информациите што ги добиваме од медиумите се објаснува дека во Калиманци нема  штетни материи, водата од бунари не е загадена, нема опасност од загадување на почвата, воздухот или пак дека контаминацијата е нормална, а истите тие надлежни се вознемирени и во алармантна состојба. Се прашувам зошто, ако се е во ред, зошто би требало да бегаат од алармантна состојба. Но, лично сметам, земајќи ги предвид сознанијата за можните последици од ваков вид катастрофи и фактот дека при флотациските процеси на рудата за добивање на концетратите на олово и цинк се користат цијанити метил сулфати, борово масло и вар, цврстиот отпад од процесот кој се депонира во јаловиштето содржи кардиум цијаниди, олово и цинк, целата состојба ја карактеризира како алармантна. Оваа состојба се повеќе се комплицира со тоа што сеуште не е даден одговор за:

1. степенот на деградација и загадување на животната средина и природата на овој простор.

2. последици по здравјето на луѓето;

3. условите во кои живее населението на овие простори;

4. состојбата со јаловиштето по хаваријата;

5. контрола на водата за пиење и контрола на водите во езерото Калиманци;

6. мерки за санација и ревитализација на просторот.

Од министерот слушнав дека во овој период какви постапки се водат и тоа е добро за сите, не само во овој простор Калиманци туку и во цела Македонија да се преземат такви мерки.

Ќе се обидам да укажам на она што претходно ценетиот колега Никола Апостолоски смета дека ќе зборува за таквите состојби, демек што всушност се случува во Калиманци и што кај нас, што воопшто би требало да преземаме.

Ќе дозволите да ви покажам нешто од Рударскиот факултет во Штип, за отпадни води, флотациски јаловини и нивно влијание на животната средина. Намерно го земав тоа, бидејќи министерот се повикуваше на Рударско геолошкиот факултет од Штип и ќе цитирам неколку делови од тој извештај кои се дадени од 2003 година.

На страна 16 - Отпадни води, флотациски јеловини и нивно влијание на животна средина, па вели:"По долготрајното испуштање на контаминираните води во водите на Саска Река, доведува до тоа, најголем дел од растителните и животинските флори во водите на едно мошне големо подрачје, бидат уништени. Под дејство на штетните компоненти овие растителни животински форми трпат низа физиолошки и биохемиски промени, истовремено создавајќи големи количини на штетни материи во своите органи. Овие материи преку организмите кои се дел од глобалниот синџир на исхрана, стигнуваат до други животински форми, па дури и до човекот. На крајот, како заклучок, вели - како резултат на долготрајното испуштање на контаминирани води доаѓа од таложење на штетни материи по страните на коритото и околу него, со што доаѓа до контаминација на околното земјиште.

Понтаму, вели - во пракса многу често, како резултат на разни објективни и субјективни фактори настануваат неконтролирани состојби кои доведуваат до тоа, во краток временски период емисијата на штетноста во водата да се зголеми повеќекратно. Велам во краток временски период. Причина за нивна појава најчесто се помали или поголеми откажување во транспортниот систем на флотациската јеловина, како и дефекти на други помошни системи на хидро јеловиштето. Посебно е опасно ако дојде до директно излевање на флотациска јаловина како и дефекти на други помошни системи на хидројеловиштето. Посебно е опасно ако дојде до директно излевање на флотациска јаловина во водотеците, како што се случи сега.

Понатаму, на страна 22 вели: - Загадување на околното земјиште е значаен проблем бидејќи со индиректно загадување на земјиштето се деградираат доста големи површини. Заради долготрајното емитирање на штетните материи со водата и воздухот

како транспортни медиуми, нивната концентрација во почвата постојано се зголемува, со што доаѓа до глобално деградирање во почвата на еден поголем регион. Тоа е впечатлива долж големите текови каде испуштаат отпадни води од јаловиштето.

Понатаму истиот автор вели: - високата содржина на тешки метали во почвата директно се одразува на квалитетот на истата, каде што ги пореметува процесите на формирање на хумусниот материјал. Тешките метали кои взаемно дејствуваат со хумусните материи, ги раскинуваат нивните врски со минералниот дел на почвата, што доведува до деструкција на почвата и делумно губење на хумусот како и до намалување на антиерозивната способност на почвата. Со загадената почва тешките метали навлегуваат во растенијата и земјоделските култури, предизвикувајќи низа физиолошки, биохемиски пореметување кај нив. Голем дел од овие растенија покажуваат висока способност за натрупување на тешките метали во нивните органи, така што успешно опстануваат и на вакви метализирани подлоги. Ова резистентно многу е важно на одредени растенија меѓу кои и некои градинарски култури, може да биде особено опасно бидејќи истите се користат во исхраната.

Ова е извештај од 2003 година. Очигледно дека овој извештај во информациите што јас ги прочитав, по прес конференциите што ги држеше министерот не се земени предвид.

Она што јас понатаму сакам да дискутирам е дека деградацијата на животната средина, вклучувајќи ги воздухот, водата и почвата, не е само примарно, само тоа што истекува на тој начин имаме голема концентрација на метали, органски материи кои впрочем и во дискусиите многу малку се третираат, повеќе од металите, иако металите имаат многу директно влијание, но мислам дека органските супстанци многу се полоши за деградација на животната средина.

Она што сакам да кажам, во однос на металите, а јас ги имам тие информации на колегите кои ги испитуваат таквите тела во тие води. На пример никаде не сретнав дека се зборува за талиумот и берилиумот дали има во тие води . Талиумот и берилиумот доведоа до трајни оштетувања. Тука имаме медицински лица кои ќе потврдат дека талиумот и берлиумот, дури и во микротраги кои ги има апсолутно се неприфатливи во средина, а тука постојат, а тоа го велам поради фактот што немаме стандарди задозволени концентрации на талиумот и берилиумот. Требаше, ако ништо барем институциите да се консултираат бидејќи во Македонија покрај Заводот за здравствена заштита и Рударско геолошкиот факултет и Природно математичкии факултет и други слични институции кои се изверзирани и имаат и опрема и стручност да ги испитаат така да кажам металите во овие води, во микротраги.

Она што се случува во почвата е примарно, секундарно и терцијално деградирање на средината. Тоа не се соопшти на директен начин, како што не се соопштуваше квантитативно колку е загадена средината. Тука испитувањата покажуваат дека Калиманци по однос на стандардите на метали и други супстанци имаме многу пати пречекорување на концентрациите, а тоа во соопштението го немаме. Значи ако имавме за тоа нешто денес добро ќе беше односно комисијата за транспорт и врски во координација со Министерството за екологија и би требало да ги има тие пишани документи, колку и како е тоа деградирано, многу или малку, јас сакам да знам во микрограми или во грами дали е тоа загадено. Такво нешто не е направено.

Кога велам примарно, значи директно со изливање, секундарно загадување што влијае на хумусот а и терцијалното загадување каде што соодносот на минералите во водата, соодносот на хемискиот состав во самата почва и воздухот, трајно се пореметува. Ќе се обидам најпластично тоа да го кажам на следниот начин. Можеби водата не е загадена, но со излевањето се случува односнот на карбонати во водата да биде помал од вообичаеното 1:10 и тоа ќе доведе до пореметување во тоа што почвата во такви средини ќе даде помали приноси. Синојка гледавме и се кажа еден многу добар пример со к онцентрација на фосфорот и фосфатните ѓубрива и детергенти за деградацијата на животната средина во Охридското и Преспанското Езеро, каде што директно не влијае, но влијае на хитоплантонот, влијае на растенијата, а тие растенија пак придонесуваат во водата и во атмосферата да се отпуштат штетни материи кои индиректно влијаат на животот. Тоа се вика секундарно и терцијално загадување на животната средина. Тоа се случува и тука. Тоа ќе се случува и понатаму. Односот на сегашната власт беше во тој правец, да презема мерки во оваа година. Ако минатата власт тоа не го н аправила, да ги санира тие проблеми. Впрочем затоа и ја добивте власта. Вие и ја добивте власта врз основа на програма на убедување, врз основа она што ветувавте дека ако има направено грешки треба да се поправа. Јас сваќам, во тој период вие аконе сте реагирале, или не сте сакале, не сте можеле и не сте имале доволно храброст и знаење за тоа, или пак сте прикривале нешто. Јас очекував денес некој да биде казнет за таа работа. Но добро е што г-динот Никола Апостоловски стави во заклучоците точка на тоа дека само треба претходната власт да се казни за таа работа, бидејќи ќе се согласите дека, ако имало во претходната власт грешка, грешка има и во сегашната власт и впрочем излевањето не се случи за време на минатата власт, се случи сега. Јас се согласувам, врз основа на факти, докази и врз основа на она што се вика испитување да бидат казнети сите тие што се инволвирани во овој случај, но мислам дека тежината и одговорноста на се тоа што се случи, паѓа на сегашнава власт, бидејќи во модерна Европа каде што милуваме постојано

да се повикуваме, екологијата и еколошките проблеми се топ тема и секаде и за помали проблеми министрите од тие европски земји си даваат оставка. Јас не велам дека г-динот министер треба да даде оставка, но велам дека г-динот министер и Министерството за екологија во рамките на Владата треба по подробно да ги анализираат ситуациите во врска со јаловината во врска со деградацијата на животната средина, не само тука туку во цела Македонија, бидејќи ако сакаме да одиме во Европа, ние мораме и тоа ни е обврска, да имаме здрава животна средина. Тука сите мораме да имаме консензус, сите политички партии мора да придонесат во однос на оваа проблематика, да имаат свој удел и свое гледање за тоа како ќе се решат проблемите. Ќе се согласите, ако се случи уште еден ваков настан или повеќе настани, како што е излевањето на јаловината, што мислите, Европа ќе не прими. Сигурен сум дека за ваквите проблеми Европа ќе ни затвори врата, бидејќи сите проекти, јас барем досега не видов, кога се одобруваат кредити, барем во овој период и кога се бараат кредити од Европа и другите институции во светот, или пак кога се бара помош или кога се бара начин како да се решат загубарите, Европа секогаш, пред се бара еколошки проекти. Без еколошки проект не можете да продадете ни една фирма. Без еколошки проект не можете да купите ни една фирма. Без еколошки проект не можете да добиете ниту еден кредит, без еколошки проект нема одење напред.

Она што е важно да се направи понатаму е дека ние на луѓето во таквите средини треба да им излеземе во пресрет. Тие по ничија вина работат по рудниците, а сигурно тоа е општо добро на РМ и на секоја власт тоа треба да и биде приоритет, да ги заштити тие луѓе барем од тоа што може да се заштитат, а тоа се еколошките проблеми, вклучувајќи ги тука и рударите, тие луѓе што живеат и стопанисуваат во околината и земјата итн. И тие луѓе имаат право да добијат заштита од Владата.

Засега, барем од информациите а тие информации ги имам, освен квалитативно кажување дека водата е за пиење, дека нема загадување,дека загадувањето е минимално, никаде не сретнав тоа во егзакни бројки. Ќе се согласите егзакните бројки се показател дали навистина во врска со тоа стандардите се задоволени, а овие стандарди сме ги донеле ние, тие стандарди се дадени во Службен весник, за вода, за почва. Ако се тие тожни тогаш кај мене нема да се создаде сомневање дека нешто не е во ред. Но, сега во овој момент кај мене се јавува соменвање, бидејќи таквите паушални искази дека е добро, мене не ми се доволни да дадам своја согласност или суд за тоа каква е средината во тој дел од Македонија.

Што понатаму да се направи? Мислам дека по барање на Министерството за екологија, транспорт и врски треба да свикаме една сседница не само за атхок или ситни

случаеви, каде што имаме деградација на животната средина туку, едноставно да се свика седница и на Комисија и во консултација со опозицијата, како што се консултираме и за многу други проблеми кои ќе не водат во правец на интегрирање во Европа и други институции, да имаме консензус за интегрирање во еколошката средина, еколошкото живеење. Досега такво нешто немаше. Би требало тоа да се направи за да имаме јасен увид за се она што се вика еколошко живеење се дотогаш мислам дека Министерот за животна средина и просторно планирање треба да си признае дека сноси дел од одговорноста за овој проблем, сигурно има дел од одговорноста, а ако има други институции и други луѓе инволвирани, не само во периодот од 1998 - 1999 година, а и порано кое беше во рамки на Министерството за урбанизам, сиуте тие и да бидат одговорни, бидејќи ќе се согласите, одговорноста не може да биде само на еден човек, еден дел, а дел да биде на друг, туку да бидедме во континуитет и да видиме во тој дел кој одговарал во тој период и дали проблемите ги решавал или не ги решавал или имал деструктивен пристап во решавање на овие проблеми. Ако тоа се докаже, ве молам, тогаш дајте органите на прогот да си ги решат работиве. Но, ако не се докаже, мислам дека тие луѓе кои паушално ги оквалификуваат луѓето како лопови или се кривци за спортот воопшто преку екологијата, мислам треба иста така да бидат кривци бидејќи се работи за клевета.

На крај, не би должел повеќе, екологијата е многу важна работа, мислам дека треба да се вклучат и други институции кои се релевантни во вакви ситуации, а мислам дека во овој период Природно Математичкиот Факултет е елиминиран на некој начин при испитување, сигурно знам дека е елиминиран, и ако главните стручњаци за испитување на метали или на органски соединенија, токму таму се наоѓаат, пред малку кажав еден пример, од здравствена заштита кога тврдеа дека нема стручњаци за азбест во Македонија, па увезуваа, напротив, имаше, па тие стручњаци и ден денес работат проекти и за Македонија и за европски институции.

Мислам дека треба сите релевантни фактори да се консултираат и да сносат одговорност луѓето и од овој период и од минатиот период што придонеле, а што не придонеле за ситуацијата со излевањето на јаловината во Каменичка река и воопшто во тој регион.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Аднан Ќахил.

За збор се јави министерот за животна средина и просторно планирање, но претходно. Има уште двајца дискутанти тоа е господинот Томе Тромбев и господинот Ѓорѓи Оровчанец.

Да се договориме, бидејќи е кажано многу и она што треба и она што не треба, да се договориме уште со овие двајца дискутанти да ја затвориме расправата, да поминеме на гласање на заклучоците како би дале можност да ја започнеме точката околу државјанството.

Јас тоа го давам како предлог, а вие како мислите дека треба, повелете.

Сега, дали министерот се јавува за збор или за реплика?

Мала реплика од три минути.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Јас потполно се согласувам со претходниот дискутант дека во сверата на екологијата треба да се работи во континуитет, токму тоа беше почетокот на моето излагање. Значи, ова се проблеми кои се наталожени од претходно долгогодишно работење во сверата на економијата и на стопанството. Нереално е да се очекува дека оваа или било која друга власт за една година ќе ги реши сите проблеми. Тоа ниту јас го очекувам, ниту можам, ниту физички ниту психички. Затоа потполно се согласувам дека работа во континуитет ќе даде резултати на подолг период во сверата на животната средина.

Понатаму, беше кажано дека од една страна велиме се е во ред, а од друга страна зошто се брзаме. Никој не рекол дека се е во ред. Мислам дека господинот Голомеов тоа го напомена дека од една страна се работи за што е можно побрзо расчистување на речното корито од една страна, а паралелно на тоа се врши мониторинг како сигурност дека се е во ред со водите за пиење и за наводнување од акумулационата брана Калиманци. Значи, тоа се прави од тие причини.

Понатаму, еколошки проекти за ситуацијата и она што е обврска спрема ФЕСАЛ -2 аранжманот и тоа како за рудникот Саса, тоа се овие жолти папки, така и за рудникот Тораница, има и за рудникот Злетово, за Топилница и за Годел. Значи, такви се направени и тие ќе бидат земени во предвид при договарањето со потенцијалните купувачи.

Понатаму, Министерството за животна средина во моментов работи на санирање на уште две такви жаришта од типот на претходно работење. На пример Југохром Јегуновце, таму е шесто валентен хром, канцероген, таму се рабоит проект кој до Нова Година треба да биде завршен. Тоа го кажувавте повеќе пати на ПРЕС, меѓутоа, некому

тоа не му е добра информација да го потенцира. Со тоа се решава едно големо жариште на шесто валентниот хром. Во моментот почнува покривање на депонијата во Велес со полимери. Тоа е едно решение кое беше проблем поради сушење и поради испарување дека дополнително ја загрозува животната средина.

Во моментот, иако критиката од г. Трендафилов беше дека не се работи на Рамина, се работи, но има уште едно жариште на екологијата, можеби не само од сверата на екологијата, таму се прави 5 км пристапен пат за да се дојде до самото слечиште и да се отпочне со другите работи. Значи, во моментот се работи. Точно бројки има, можам уште сега да ги презентирам. Доколку одеше на Комисија сигурно ќе имавте точни бројки.

Еве, не сакам да одземам време инаку ќе ви ги доставам дополнително.

Понатаму, ПМФ сигурно не е елеминиран, апсолутно. Тоа го тврдам, инаку за негова сигурност дека ја згоруваме вистината може слободно ПМФ да земе примероци од водата и да го потврди она што го зборуваме. Тоа стои слободно како дополнителен податок. Само толку.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Аднан Ќахил реплика од една минута.

АДНАН ЌАХИЛ:

Токму во таа насока беа моите дискусии дека во информациите што се дадени досега се зборува само квалитативно има - нема или многу малку има. Ќе се согласите дека народот ако му се каже дек анема или дека водата е добра ќе прифати таква информација без согледување или резултати од испитувања. Точни резултати досега не се дадени, а имаа обврска да дадат и токму во тој правец беше мојата дискусија дека треба, а не отсега откако кажавме така да се направи и да ги дадат резултатите, требаше претходно да се направи. Инаку, јас поставив само прашање зошто тоа се случува и ако е во ред треба тоа да го направиме, а јас знам дека не е во ред, но тоа требаше тие претходно да кажат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално г. Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Бидејќи кажавте дека има уште двајца дискутанти, а веќе е 16,20 часот мислам дека ќе биде подобро расправата по точката за Законот за државјанство да ја одложиме затоа што во понеделник ќе ги добиеме известувањата за пописот така што и вие и ние ќе имаме можност ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова процедурално прашање ќе го поставите кога ќе дојде точката на дневен ред, затоа не одземајте време затоа што до 17,00 часот ќе работиме.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Вие го кажавте пред малку, па не знам зошто да ја ограничуваме дискусијата ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, јас не реков дека сакам да ја ограничам, само замолив, сега за збор е на ред г. Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Господине претседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Се јавив за збор само за да појаснам некои работи кои не беа опфатени во досегашните дискусии, а мислам дека се значајни од аспект за тоа дека се работи не само за еколошка катастрофа, туку се работи за еден тежок здравствен проблем кој во континуитет од сега па натаму во долг период ќе ни се случува.

Би сакал да ви потенцирам неколку работи кои се битни. Она што како податок стои тоа е дека во Езерото Калиманци истечени се 2 милиони тони јаловина. Ако сметаме дека вкупниот капацитет на езерото е 75 милимони $м^3$ вода излегува дека практично 2,5% од волуменот на езерото го чини јаловината. Меѓутоа, проблемот е што ја чини јаловината? Покрај сите овие работи кои беа набројани јас би сакал да искажам нешто што мислам дека е застрашувачко, кое не може да се споредува сликовито со нешто друго, како што се правеа финансиски извештаи, дебати, ова не трпи таква работа.

Сакам да кажам дека се работи за посебно опасна материја која во процесот на флотација е присутна конкретно во рудникот Саса во флотацискиот механизам се употребува во 30 микро грама на тон тоа е натриум цијанид. Ова е екстремно отровна материја. Во еден тон има преку 30, а 2 милиони тони, која е големината на присутноста во водите на Калиманци е друга работа, друга сметка. Меѓутоа, проблемот настанува со

тоа што калиум цијанидот како сол која е многу стабилна во контакт со водата прави цијанидна киселина која е многу стабилна форма. Оваа стабилна форма на киселина е исклучително отровна, таа е практично поотровна од самиот натриум цијанид.

Животот во езерото што ќе оди ќе оди, меѓутоа, со наводнувањето и со друго преку фуражни растенија, преку она што стоката го јаде, луѓето што секојдневно во контакт со средината, целата средина ќе биде контаминирана и тоа значи ќе имаме на еден регион од 200 илјади жители континуирано експонирање со овој отров, кој ќе предизвикува анемии, ќе предизвикува главоболки, халуцинации и да не редам се што може да се случи на ова континуирано труење кое ќе се случува. Оваа година се спаси оризот, меѓутоа, прашање е догодина што ќе биде и дали оризот ќе биде онаков како што треба.

Потребата за ова да го кажам е да ја нагласам сериозноста на ситуацијата. Ова е крајно сериозна ситуација, ова е неверојатна катастрофа која во источниот регион на земјата се случува. Потребата од сериозност и потребата од акција е час поскоро е и те како потребно. Кои се начините? Не сакам сега на оваа собраниска седница да ги објаснувам и да ги толкувам, меѓутоа, постојат.

Од тие причини барам да влезе во заклучоците да се преземе итен акционен план за санација на оваа катастрофална состојба, затоа што овој цијанид за кој зборувавме е така стабилн соединение што 800 години нема да се распадне. Ако не се направат неутрализации, санација на теренот, ние ќе бидеме, зборувам генерално ние, меѓутоа луѓето кои живеат во тие региони не ќе смеат да пијат вода, не ќе смејат да јадат салати од таму и ред други работи. Тие ќе имаат неподносливо живеење или ќе бидат континуирано труени.

Според тоа, час поскоро да се направи таа работа.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На ред е г. Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, драги колешки и колеги пратеници,

Јас го почитував барањето на претседателот на Парламентот, се повлеков, меѓутоа, со оглед дека имаше уште дискусии сепак пак се пријавив и сакам да го кажам она што планирав да го кажам.

Кога произлезе овој проблем навистина како еден од претходните министри за животна средина се запрашав и самиот дали овој проблем е некаде нотиран во

претходниот период затоа што навистина ова е потенцијална еколошка бомба. Конкретно превртев некои книги што ги имам од претходниот период и нотирањето на овој проблем го најдов во Нацрт просторниот план на Република Македонија, документ кој е донесен 1998 година, а идната седница ќе имаме можност да дискутираме по Просторниот план.

Овој Нацрт просторен план во делот на оценки на условите, состојбите и тенденциите во организацијата, користењето и уредувањето на просторите особено од загадување со опасен отпад од индустриско производство нотирано е дека рудниците Саса од Македонска Каменица вршат загадување на животната средина со флотациска јаловина и тоа во тогашни количини од 10.500.000 тони и тоа загадување од опасни материи и тоа јони на кадмиум, олово, цинк и органски материи од флотациски реагенс, меѓутоа, не само тоа јаловиште, тука се зборува и за други капацитети кои загадуваат, а исто така и јаловиштата на Злетово и Тораница.

Побарав во делот што понатаму? Во делот на организација, користење и заштита на просторот до 2020 година за еколошкиот регион сливно подрачје на реката Брегалница во точка број 2 е напишано, ќе цитирам: “на подрачјето на општините Пробиштип, Македонска Каменица, Кочани, Виница, Делчево и Берово е застапено олово цинковата руда, има перспективи за бакар, експлоатација на уран, како и на метални минерали и украсни камења”, посебно овој дел е интересен. “Јаловиштата и раскривките на постојните зони на експлоатација да се уредат заради санирање на деградираните делови на природата во рамките на зоните на управуваните подрачја заради заштита на почвите, површинските и подземните води како превентивна заштита во случај на акциденти (попуштање на брани, јаловишта и др)”, тоа друго, за жал, се случи. Се случи една еколошка хаварија со несогледиви последици.

Ние денес и минатиот пат дебатиравме по тоа, јас во интерес на дебатата ќе скратам, нема да дебатирам по тоа, меѓутоа, јас поставив едно прашање. Зошто, ако во тој Нацрт просторен план беа нотирани и беа дадени предлозите и начините како да се санираат состојбите, зошто по дури 4 години се направи еден договор со кој се интервенира во однос на санација на некои состојби и тоа многу индикативно два месеци пред парламентарните избори. Оттука кај мене произлегува едно сомневање во добронамерноста на таквиот проект. Меѓутоа, опозицијата може да каже, па добро, ние почнавме да го реализираме проектот и потполно сте во право, подобро некогаш отколку никогаш. Меѓутоа, јас имав прилика да го разгледам самиот договор за кофинансирање на овој проект каде се потпишани Министерството за животна средина и директорот на АД Рудници за олово и цинк и кој вели дека предмет на овој договор е кофинансирање на техничко решение за санација на отточен тунел Саса река под ново јаловиште,

внимавајте, прва фаза на Рудниците Саса АД Македонска Каменица. Штом е прва фаза значи мора да има и некои наредни фази. Меѓутоа, во овој договор, за жал, како што е нормално во секој договор што би тре бало да има, треба да има рок за реализација на проектот, рок за изградба, меѓутоа, за жал, во овој договор таква работа нема. Уште еден факт да ми се потврди она сомневање што го имав претходно.

Слушнавме од министерот, а јас бидејќи сум градежник, нормално дека предвидените активности, согласно овој договор, требало да се извршат, можеле да се извршат за 2-2,5 месеци, меѓутоа немало рок, во самиот договор нема рок, тие можеле да бидат и до денес, да бидат и до 2008 година согласно овој договор. За жал, таков рок нема. Меѓутоа, индикативен е и еден друг член, тоа е членот 9 од самиот договор во кој се вели: “договорните страни се согласни во случај на неисполнување на преземените обврски од страна на извршителот, Министерството еднострано да го раскине овој договор и да побара одговорност од извршителот”. Ја слушнавме изјавата на министерот, министерот кажа дека таму соодветно другиот партнер од другата страна кој кофинансира 50% не ги извршувал обврските. Ако е така, тогаш согласно овој договор врзани му се рацете на сегашниот министер да може да продолжи да го реализира овој проект.

Тоа е во однос на самиот договор, потоа се лиферувани 2 ситуации, ситуации првата е августовска, втората септемвриска, меѓутоа, во септемвриската ако ги видите печатот, самата заверка од страна на Саса, пишува Рудници за олово и цинк АД во стечај. Од мртов човек не можеш да бараш помош. Едноставно тука се влегло во реализација, зборувам принципиелно и за натамошниот период ако сакаме некому да му помогнеме треба целосно да му помогнеме со 100% помош од страна на државата, бидејќи ова не е очигледно решение.

Во однос на моите сомневања за добронамерноста на ваквиот проект, синоќа имав прилика да ја разгледам Програмата на ВМРО-ДПМНЕ за парламентарните избори 2002 година до 2006 година и за жал, ваквиот проект или продолжението во оние други фази, освен првата фаза не успеав да го најдам во проектот во вашата Програма. Така да ми се пополнија фактите во однос на добронамерноста на ваквиот проект.

Оттука, мислам дека ова е само политизација на проблемот, кој што за жал не треба така да биде.

Благодарам.

ЛУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Спиро Мавровски има реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г. претседателе.

Слушајќи вака човек кој што беше министер и градежник, мислам дека самиот знае малку подобро како и што треба да се плаќа и која ситуација треба да се наплати. Дека работите слушнавме и од министерот можат да бидат завршени за 2,5 месеци. Сега се прашувам како наредните 10 месеци не можеше да се заврши ништо. Во тие 2,5 месеци видовме што се направи се исплати 1/3 од тие пари по кои што беше правен договорот, дали има некој рок или нема рок, тоа е веќе прашање и мислам дека ако можело да се работи за 2,5 месеци можело и за овие 10 месеци работата да биде завршена. Но очигледно е дека таа не е завршена. Факт е дека ако вкупната реконструкција тогаш чинела 6 милиони, сега настанатата штета се проценува некаде на 100 милиони. Тоа е факт, тоа се бројки и од тоа не може да се бега. Ситуации дека нешто е правено и самиот г. Тромбев кажа, значи за август и септември ги имало тие две ситуации по кои што треба да се исплатат пари и нормално е дека нема завршена ситуација додека нема контрола тие средства не можат да бидаат префрлени, за да некој може да ги изработи. Мислам дека добро е што г. Тромбев сега ја разгледа Програмата на ВМРО-ДПМНЕ за 2002 година но лошо е што не ја разгледа Програмата на СДСМ и ветувањето затоа што многу вакви ситуации стојат и само прашање е на ден кога ќе се случи нешто друго како хаварија и повторно да воведеме некој документ и да видиме кога е почетокот и кога и кој правел договори. Мислам дека вакви ситуации отворени постојат на повеќе места, досега ништо не се работи за жал, а треба да се работи, затоа што откако ќе се случи хаваријата, сигурно дека оценките и штетите се многу поголеми, отколку сега да се почне и да се работи. Таа програма за санација и посебно за екологија од министерот чувме тука доста најави и не само за ова јаловиште, туку и за другите јаловишта и останати еколошки проблеми кои во Република Македонија за жал ги има и премногу, но еве гледајќи го Буџетот од минатата година и чувствувајќи што оваа година ќе има како буџетски средства, мислам дека г. министер е оневозможен да ги работи и да ги сработи тие работи.

Благодарам.

ЛУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јавува г. Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Јас во интерес на времето не сакав да ја ширам дискусијата, меѓутоа, бидејќи г. Мавровски ми даде можност да кажам само дека точно префрлени со 30% од средствата на Договорот и тоа на сметка на Синдикатот на Саса, меѓутоа, за истата не е доставена авансова ситуација и исто така по таа ситуација должен е Саса да плати ДДВ. Така да и тука е направен прекршок. Од сите аргументи, јас не можам да разберам како г. Мавровски не разбира, како е вршена целата оваа работа. Јас разбирам дека само г. Мавровски ја брани неговата пратеничка група, меѓутоа, има некои лични работи што се направени таму.

ЛУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Оровчанец се јавува за реплика.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам г. претседателе.

Имам реплика затоа што г. Тромбев ме убедуваше во добрите намери на Владата за санација на овој проблем, меѓутоа, во книгата, односно она наречена сликовница што е направена од Владата за година дена и што предвидува понатаму да се прави во Програмата не е внесена никаде оваа програма практично на регулација на Саса. Значи Владата воопшто не размислува за решавање на овој проблем. Или евентуално, да ги потсетиме дека тој проблем постои, па накнадно да го уфрлат во новата редакција на таа книга.

И второ што би сакал да нагласам сигурно и како бивш министер и познавач на работите г. Томе знае како одат роковите и на кој начин се менуваат во проектот и во изведувачот и така натаму.

Благодарам.

ЛУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Должен сум да прашам дали некој друг бара збор. (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

Господа пратеници,

Дозволете едно мало барање. Ние овдека имаме два предлог заклучоци. Од расправата видовме дека во едно сме сите исти. Тоа е дека сме загрижени за ситуацијата која настана после хаваријата. Мој впечаток е дека проблемот се провлекува во континуитет и тоа го кажа и самиот министер, тоа го кажа и опозицијата, а кој е виновен,

кој не е виновен кажаа парламентарците и тука нека оцени граѓанството врз база на тие дискусии. Мислам дека е упатно да излезе со едни заклучоци кои што ќе бидат заеднички, посебно откако пратеникот Апостоловски изврши корекција на своите заклучоци, имајќи на ум дека она што го кажав досега дека грижата е заедничка и апелот е тој. Бидејќи не би сакал сега да се договараме предлагам координаторите на пратеничките групи ги формулираат тие заклучоци на една од наредните седници да ги усвоиме, а да бидат заеднички од аспект на ова што јас зборував. Мислам дека се добри заклучоците на пратеникот Никола, бидејќи опфаќаат малку повеќе задолженија за Владата. Ако е тоа прифатливо, јас така би предложил да се усвои. Ако не е тоа прифатливо, јас би одел да гласаме по предложените заклучоци.

Дали сметате дека е тоа прифатливо?

Не, не давам пауза бидејќи тоа може во текот на утрешниот ден или на следната седница можеме само да ги усвоиме заклучоците. Јас нема да ја затворам оваа точка. Ќе преминеме на следната точка.

За збор се јави г. Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ако може процедурално. Со желба и со намера за решавање за конструктивност на дискусијата, значи конструктивност во решавањето на проблемот за еколошката катастрофа на Рудниците Саса ние го прифаќаме предлогот заедно со позицијата да седнеме и да направиме заклучоци кои што ќе бидат прифатливи и во насока на решавање на проблемите.

ЛУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Претпоставувам дека тоа и другите пратенички групи го сметаат. Ние сега не ја затвораме оваа точка но поминуваме на следната точка.

Значи минуваме на 15 точка.

**Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Има збор министерот за внатрешни работи, г. Хари Костов.

Повелете г. Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас би сакал да укажам, ако сега можеме да кажеме после два месеца во процедура на Собранието на некои елементи околу итноста на донесувањето на овој закон и понатаму за определени тези кои досега се пласираа во јавноста.

Околу итноста би сакал да укажам на неколку моменти.

Прво, фактот дека Европската конвенција за државјанство е потпишана од страна на претставници на Република Македонија на 6 ноември 1997 година.

Второ, Европската конвенција за државјанство ратификувана од Собранието на Република Македонија, на 18 февруари 2002 година. Исто така и според известувањето на Советот на Европа, оваа конвенција влезе во сила во Република Македонија, според соодветните правни постапки кои постојат и го регулираат нејзиното влегување во сила на 1 октомври 2003 година.

Исто така, според годишната програма за приближување на националното законодавство на Република Македонија, со законодавството на ЕУ имавме обврска овој Закон да го усогласиме и да го донесеме кон крајот на вториот квартал во 2003 година. Значи покрај релативното кратко доцнење од страна на Владата, по се изгледа дека во Република Македонија, сме навикнати постојано да доцниме и да чекаме последен момент за да завршиме некоја работа.

И на крајот околу итноста, покрај потребата од усогласување со Европската конвенција и Законодавството на ЕУ со меѓународните правни стандарди, изменувањето и дополнувањето на законорт произлегува од пторебата за надминување на определени тешкотии и проблеми кои произлегуваат од досегашната практична примена на постоечкиот Закон. Меѓу најголемите проблеми со кои се соочуваме со практичната примена на Законот се оние случаи и особено за оние лица кои не го решија својот статус на државјанството во врска со супцесијата на поранешна СФРЈ според роковите предвидени во досегашниот Закон. Па затоа и во секојдневниот живот се соочуваме со проблеми, извор на определени незадоволства и тензии и маркетиншки злоупотреби заради остварување на определени политички цели. При тоа мора да се има предвид, дека и покрај тоа што во определени случаи се работи за објективни, па дури и за субјективни причини за пропуштање на напред воведените рокови, сепак во најголем број случаи се работи за лица кои биле државјани на поранешна СФРЈ, кои од секогаш, или пак долго живееле и живат на територијата на Република Македонија, кои плаќаат некаков вид даноци и сметки, некои дури и биле на отслужување на воениот рок во АРМ, а на крајот, сепак, го немаат регулирано своето државјанство.

Притоа, сакам да потенцирам дека тука не се работи исклучиво за лица од албанска националност, како што некои сакаат да го прикажат во јавноста, иако поголем број случаи е таков. Туку се работи, како што впрочем можевте да видите и во повеќе дебатни емисии кои беа организирани од страна на електронските медиуми во врска со донесувањето на овој закон и за лица од српска, ромска, муслиманска и друга националност кои служеле во АРМ, некои работеле во претпријатијата во Република Македонија, а сепак не го регулирале државјанството, во голем број случаи, дури во некои смешни и неиздражани причини. Како на пример дека една постара баба од околу 70 години ја загрозувала безбеноста и одбраната на Република Македонија.

Освен образложеието на потребата на итноста и скратувањето на роковите за донесувањето на овој закон, би сакал да се задржам и на некои други прашања во врска со досегашната постапка на донесувањето на законот.

Имено, во еден сплет на околности се случи дека од усвојувањето на овој предложен закон од страна на Владата на Република Македонија, и неговото доставување до Собранието на Република Македонија поминаа скоро два месеца, во кој период всушност, и се одвиваше јавна расправа по Законот, се одржаа средби помеѓу политичките партии, се организираа дебатни емисии во медиумите, се изнесоа повеќе различни мислења. Притоа, во таа јавна расправа беа изречени повеќе невистини, неточни бројки како за тоа колку граѓани досега се стекнале со македонско државјанство, или колку ќе се стекнат според новиот закон. Најверојатно намерно се инсконстуираа погрешни и неточни толкувања на определени предложени законски решенија и т.н. Притоа, неможам да поверувам дека некои пратеници, политички партии, или т.н. експерти, навистина не ги разбрале одредбите на овој Закон, туку кај мене преовладува чувството дека од нивна страна се настојувзаше да се искористи оваа во Република Македонија сеуште чувствително прашање и преку манипулации со бројките, со инсконструирано читање на определени законски решенија да се разгорат националните чувства, да се покаже кој е поголем или помал Македонец и на крај да се извлече некоја ситна маркетиншка политичка корист за определени лица или партии. Затоа во продолжение би сакал накратко да се задржам на демаскирање на тие неточни тези и бројки кои беа пласираин во јавноста во изминатиот период на оваа т.н. јавна расправа.

Прво, тоа е тезата, односно најблаго речено лагата дека во периодот на претходната власт на СДСМ од 1992 до 1998 година, биле поделени 140 илјади или некогаш дури и 150 илјади државјанства на Албанци со што СДСМ сакал да создаде гласачка база за себе на изборите во 1994 , 1996 и 1998 година. Фактите и бројките се следни: Од 11 ноември 1992 година, кога почна да се применува досегашниот Закон за

државјанство, па до 8 октомври 2003 година, со државјанство на Република Македонија, се стекнале вкупно 113 илјади 180 лица. Значи вкупниот број на лица кои се стекнале со државјанство на Република Македонија во овој нешто подолг период од 10 години, значи вклучувајќи го и периодот на мандатот на претходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ и на ДПА , е помал од онаа бројка, која определени претставници на ВМРО-ДПМНЕ или други експерти го прикажуваат дека само Владата на СДСМ го поделила во само една година од своето влаедеење. Притоа, од вкупниот број лица кои се стекнале со државјанство, т.е. како што истакнав од бројката 113 илјади и 180 лица, нивната структура е следна: Албанци 31 илјада 092, Срби 21 илјада 532, Македонци 20 илјади 121, Муслимани 13 илјади 935, Бугари 2831 и останати 21 илјада и 200. Или пак гледано по години, најголем број државјанства биле регулирани во 1993 година, што впрочем, е и нормално, затоа што тогаш и почнал да се применува Законот. Тогаш бројките се следни: Во 1993 година Албанци 15 илјади 197, меѓутоа, во исто време и Срби 15 илјади 175, Муслимани 8 илјади 321, Македонци 4 илјади 370, Бугари 2338 и останати 2837.

Исто така и во 1995 година, како втора по големина година, биле регулирани вкупно 16 илјади и 900 државјанства и тоа: Албанци 6620, Македонци 1799, Срби 1749, Муслимани 1444 и останати 4733. Во сите останати години од овој 10 годишен период биле регулирани помеѓу 2000 до 6000 државјанства годишно, освен во 2002 година, кога беа регулирани 8903 држацјанства од кои најголемиот дел т.е. 7517 непосредно пред парламентарните избори во 2002 година. И знаете најголем број од нив со адреса Димче Мирчев б.б. адресата на Министерството за внатрешни работи.

Исто така, би сакал да потенцирам дека во 2003 година досега се регулирани само 1082 државјанства и тоа 309 Албанци, 253 Македонци, 267 Срби, 134 Муслимани, што фактички укажува дека е намален инетресот за стекнување Македонско државјанство, односно дека најголем број од проблемите се решени. Слични се и бројките во 2000-та година со 2500 државјанства и во 2001 година со 897 државјанства.

Според тоа, во врска со ова теза и пласирањето на лажните бројки, ова е вистината и точните бројки. Впрочем, на 24 октомври 2003 година Министерството за внатрешни работи до координаторите на сите пратенички групи, писмено им ги достави официјалните податоци и ние стоиме зад нив. Може да се формира и посебна група од кои сакате пратеници и да се проверат сите досиеја во МВР, ќе се потврдат бројките кои ги презентирав пред малку. Врпочем, ВМРО-ДПМНЕ четири години имаше министер за внатрешни работи и со ништо не успеа да ги докаже бројките за наводниот огромен број поделени државјанства на Албанци со кои само се шпекулира и се заплашува јавноста.

Втората теза е дека со досегашните предложени измени на Законот ќе се овозможело помеѓу 80.000 до 100.000, претежно албанци, да се стекнат со македонско државјанство и дека со тоа ќе се загрозела демографската карта на Република Македонија и опстанокот на македонската нација, па впрочем и опстанокот на Република Македонија. При тоа, од протагонистите на оваа теза, срамежливо се додава дека таа бројка ќе се достигнела со давањето македонско државјанство на лица кои нелегално, т.е. диво престојувале во Република Македонија. Пласирањето на оваа теза од таканаречените експерти, меѓу кои еве поранешен министер за внатрешни работи и сегашен лидер на политичка партија, зборува за два моменти.

Прво, или воопшто не се читаат и не се разбираат предложените измени на Законот, што не верувам дека е така или

Второ, намерно се пласираат лажни и неточни тези, со цел да се вознемири јавноста или да се постигнат определени краткорочни политички цели.

Сепак, за да се отфрли оваа теза доволно е само да се прочитаат предложените измени на Законот. Занемарувајќи ги сите други услови, предвидени во членот 7 од Законот, доволно е да се види само условот од член 7 точка 2, во која се вели дека странец може да стекне државјанство на Република Македонија ако законски и постојано живее на територијата на Република Македонија најмалку осум години. Значи, законски и постојано. Според тоа, дури и занемарувајќи го фактот дека во Република Македонија воопшто не може да стане збор за 80.000 до 100.000 лица кои нелегално, т.е. диво престојуваат во Република Македонија, затоа што Република Македонија е мала, скоро сите се познаваме, па и таков контингент на нелегално присутни лица сигурно досега ќе се приметеа. Сепак, факт е дека Законот предвидува, значи законски постојано да живее најмалку осум години во Република Македонија. Сите оние кои нелегално престојуваат, секако дека не го исполнуваат овој услов.

Токму напротив, таквите лица кои нелегално престојуваат во Република Македонија не само што не можат да ги исполнат условите за стекнување на државјанство, туку се предмет на преземање на соодветни законски мерки од страна на Министерството за внатрешни работи, како што се откажување на престојот и протерување од Република Македонија со забрана за повторен влез во Република Македонија во определен период. Како илустрација ќе ги наведам само бројките на протерани лица од Република Македонија во изминативе неколку години.

Во 2001 година - 1.407 лица; во 2002 година - 627 лица и во 2003 година заклучно со 30 септември 2003 година - 775 лица. Во рамките на оваа лажна теза, сакам да ви откријам и една работа како се пласираат овие бомбастични неточни изјави во јавноста.

По завршувањето на емисијата на А-1, која што беше посветена на Законот за државјанство, еден од експертите, учесници, односно оној претходно споменат поранешен министер за внатрешни работи и актуелен лидер на политичка партија, на сегашниот државен секретар на Министерството за внатрешни работи кои исто беше учесник во емисијата, му призна дека сепак бројката од 80.000 до 100.000 лица со нелегален престој знае дека не е точна и дека колку да се тие, не го исполнуваат законскиот услов. Меѓутоа, цитирам - сепак дека треба да се разбере неговата изјава, затоа што тој е политичар и треба да оствари некои свои политички цели. На вакво однесување по донесувањето на овој закон навистина немам никаков коментар.

Затоа и во оваа прилика, почитувани пратеници, пред вас сакам да ги презентирам вистинските бројки, околу тоа колку лица можат да бидат кандидати за стекнување на македонско државјанство според условите од предложениот закон и тие податоци исто така официјално се доставени од Министерството за внатрешни работи до координаторите на пратеничките групи на 24 октомври оваа година. Тие бројки говорат за следното:

Поднесени барања во текот на 2003 година се 1.300. Пренесени постапки по такви барања од претходната година кои се во тек на обработка се 509. Значи, вкупната бројка е 1.809, а во истиот овој период поднесени и 1.700 барања за отпуст од македонско државјанство. Кон овој контингент би можело да се додадат како можни, но не и веројатни и бројот на пријавени странци и тоа - 10.115 со привремен престој и 602 лица со постојан престој. Но секако, по исполнување на условот од член 7 точка 2, за законски и постојано, а не привремено значи, да живее во Република Македонија најмалку осум години. Значи, контингентот од 10.115 лица со привремен престој во моментов не би ги исполнувале условите од Законот, доколку немаат континуитет од осум години на законски престој во моментот на поднесувањето на барањето.

Исто така, треба да се има предвид дека во овој контингент на лица се и лица директори и вработени странци во на пример, Македонскиот телеком, односно Матар, односно Кјуби Македонија, во ОТИ, во Космофон, во Окта, Фени, Веро, Казиното Аполонија и тн., а кои се државјани на Австралија, Велика Британија,

Унгарија, Грција, Франција, Шведска и друго, а за кои, како земји членки на Европската унија лично не верувам дека ќе се откажат од своето досегашно државјанство за да се стекнат со државјанство на Република Македонија како што сега тоа го бараме во членот 7 точка 10.

Според тоа и во врска со тезата за заплашувње на јавноста со 80.000 до 100.000 диви државјанства и оваа теза е лажна. Точните бројки се овие кои што пред малку ви ги презентирав.

Третата теза која се пласира во јабноста е дека со предложените решенија наводно ќе се овозможело и на странски лица учесници во странски војски да се стекнат во македонско државјанство. За демантирање на оваа лажна теза, доволно е само да се прочита повторно членот 7 од предложениот закон и да се види дека лицето треба да се ги исполнува условите помеѓу другото, содржани во точката 8, значи да не ја загрозува безбедноста и одбраната на Република Македонија.

Во точката 7 да не е изречена мерка забрана за престој во Република Македонија.

Во точката 5 да не се води кривична постапка во Република Македонија и во државата чиј државјанин е.

Во точката 4 да не бил казнуван со казна затвор во траење од најмалку една година.

Точката 2 - да има законски и постојан престој во Република Македонија најмалку осум години и тн.

Според тоа и со оваа теза се е јасно, освен за оние кои незнаат да читаат, или намерно пласираат и слушаат само гласини и конструкции.

Четвртата теза која се пласира е дека не би било сега време за донесување за измените и дополнувањето на Законот за државјанството, туку дека тие измени би требало да одат во повеќе фази, да се чекаат резултатите од пописот, новата територијална поделба, или пак дури и членството на Република Македонија во Европската унија. Како демант на оваа теза, би сакал да посочам дека освен тоа што во почетокот го зборував за нашата обврска за усогласување на македонското законодавство со Европската конвенција и Годишната програма за приближување на националното законодавство, кон законодавството на Европската унија. Исто така и фактот дека прашањето на правото на државјанство и исполнувањето на условите за негово стекнување, немаат ама баш никаква врска со резултатите од пописот или територијалната поделба на Република Македонија.

При тоа, би сакал да истакнам дека ова прашање беше дискутирано и на состанокот помеѓу претставниците на ВМРО-ДПМНЕ, на СДСМ и на Министерството за внатрешни работи, одржан на 2 ноември 2003 година. При тоа, од страна на претставниците на ВМРО-ДПМНЕ како аргумент за одложувањето на донесувањето на овој закон, беше истакнато дека според определена студија, бројот на државјани на Република Македонија албанци во 1953 година, бил околу 150.000 лица, а дека според последниот попис бројката достигнала 500.000 лица, имплицирајќи дека тоа било доволно.

Ќе се обидам оваа теза да ја демантирам низ еден практичен пример. Ваквиот став значи дека некој во Република Македонија си дозволил да си определува улога, дека треба да има некој орган, институција, личност ли ќе биде, која ќе определува каков треба да биде националниот состав на државјаните на Република Македонија, независно од демографските движења и независно од тоа дали некој е роден во Република Македонија, дали ги исполнува сите законски услови за државјанство на Република Македонија и тн.

Тоа практично значи дека некој си дозволил, на пример да оцени дека и сега нема како пример да земам релации македонци - албанци, затоа што е сеуште осетливо, туку оценил дека во Република Македонија е доволно да има 2% државјани на Република Македонија кои се чувствуваат како власи, или роми, или македонски - муслимани, или срби, или турци и кога тој процент ќе се достигне, тогаш повеќе нема да се дозволува нови државјани на Република Македонија од влашка, ромска, српска, турска или муслиманска националност, независно што се работи за лице кое е родено во Република Македонија чии родители се родени и живеат во Република Македонија, ги исполнуваат своите обврски кон државата и ги исполнуваат сите законски услови за стекнување на државјанство.

Верувам дека, почитувани пратеници ќе се согласите дека оваа теза и размислување воопшто не држи, нарочито што и одложувањето на донесувањето на овој закон во повеќе фази нема да презентира никакви нови аргументи, освен оние кои досега ги слушнавме во досегашната таканаречена јавна расправа.

Во врска со оваа теза, би сакал да ја искористам можноста и да констатирам, дека претставниците на ВМРО-ДПМНЕ не беа задоволни од резултатите на состанокот што порано ако го спомнав, односно состанокот на 2 ноември 2003 година помеѓу претставниците на ВМРО-ДПМНЕ, на СДСМ и на Министерството за внатрешни работи, инсистирајќи само на прифаќање на нивните размислувања, ставови и бројки, а како што видовте воопто не се точни и дека ако

тоа не се прифатело, тогаш тие ќе размислеле да ги прекинат натамошните преговори со претставниците на Владата на Република Македонија или на СДСМ затоа што тоа не давало резултат. Владата и СДСМ се подготвени да разговараат не само со претставниците на ВМРО-ДПМНЕ, туку и со сите други претставници на било која политичка партија. Меѓутоа, имајќи разбирање за аргументите на сите страни кои учествуваат во преговорите, а не инсистирајќи само на своите ставови и аргументи. Ако некој така ги сфатил преговорите, тогаш очигледно греши. Погрешно ја сфаќа демократијата, и ако не сака повеќе да разговара, тоа е нивен проблем и нивно право.

Петта и последна теза, почитувани пратеници, на крајот е дека, Владата на Република Македонија со предложениот закон извршила најголемо национално предавство, затоа што наводно, од законот го отфрлило досегашното право на македонците по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија.

За демистификација на оваа лажна теза, доволно е да се прочита предложениот член 8, со кој се менува досегашниот член 11 и кој гласи и ќе го прочитам:

"Странец кој ги исполнува условите од член 7 став 1, точка 1, значи да има наполнето 18 години и точка 8, односно да не загрозува безбедноста и одбраната на Република Македонија, може со природување да стекне државјанство на Република Македонија ако тоа претставува особен, научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес".

За сите оние кои не сакаат да манипулираат со овој член од Законот и кои не сакаат да го користат за ефтин политички маркетинг, дека наводно македонците по потекло, кои живеат надвор од границите на Република Македонија се исфрлени од Законот, верувам дека е, и треба да биде јасно следното:

Прво, не треба да се мешаат поимите државјанство и национална припадност или национално чувство.

Второ, дури и македонците по потекло кои живеат вон границите на Република Македонија се странци, односно тие се родени и живеат и се државјани на Република Грција, Република Бугарија или Република Албанија, а друго прашање е што со нивната национална припадност тие се чувствуваат и се македонци по потекло или по припадност. Меѓутоа, сепак, факт е дека се странци, тие се државјани на Грција, Бугарија или Албанија.

Трето, исто така, факт е дека државјанството на Република Македонија на македонците по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија претставува национален интерес на Република Македонија.

Според тоа, верувам дека сите ќе се согласиме дека сите овие елементи се содржани во предложениот член 11 став 1 и тоа, странци, во кои спаѓаат и македонците по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија и дека нивниот прием во државјанството на Република Македонија претставува национален интерес. Според тоа, не може да стане збор за никакво национално предавство, туку токму напротив, или за неразбирање, или пак за намерно погрешно презентирање на законското решение за остварување на некои ситни дневно - политички цели.

Имајќи го предвид целокупното ова објаснување на предложеното законско решение, Владата на Република Македонија очекува пратениците Лилјана Поповска и Петар Апостолов, кои поднесоа амандман на овој член, самите да оценат дали ќе останат на предложениот амандман, или ќе го прифатат ваквото објаснување на Владата на Република Македонија.

На крајот, почитуван господине претседателе, почитувани пратеници, дозволете ми да завршам со тоа дека ова е суштината и значењето на предложените измени и дополнувања на Законот. Тоа се вистинските бројки, вистинските факти, сето друго е само политички маркетинг за остварување на краткорочни дневно - политички интереси, за кои може да имаме разбирање, манипулација и шпекулација со неточни бројки, заплашување на јавноста и докажување кој е поголем или помал македонец. Знам дека мојата дискусија нема да ги спречи некои пратеници и некои политички партии да ги повторуваат своите досега јавно искажани ставови или пак да ги прочитаат своите веќе подготвени и напишани дискусии, повторно манипулирајќи со предложените законски решенија, бројките и тн. Сепак, јас сум подготвен, ако треба и две недели да седам во Собранието на Република Македонија , да ги слушам таквите дискусии, но сепак ве молам, почитувани пратеници, на крајот, да ги усвоите предложените измени и дополнувања на Законот за државјанството на Република Македонија, затоа што тие значат хармонизација со европското законодавство.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине министре. Јас тука би требало да завршам, но ме замолија од страна на госпоѓа Ганка Самоиловска - Цветанова процедурално од една минута.

Повелете.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Благодарам господине претседателе,

Прво, би сакала едно појаснување. Дали излагањето на предлагачот беше објаснување за оправданоста и итноста од донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, или полемизирање со сите негови неистомисленици.

Второ, господине министре, вие го прекршивте џентлменскиот договор да разговарате што се разговарало на разговорите помеѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ.

Прво, тоа е ваша произволна и неточна интерпретација на тезите;

Второ, јас навистина..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова веќе е реплика, ве рмолам.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Не знам како си дозволивте да зборувате вон заедничките официјални соопштенија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова е реплика. Јас бев замолен за процедурално.

Збор има, не можам министерот да го одбијам.

Повелете. Само накратко.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас мислам и тоа е утврдено во Деловникот дека моето излагање беше поделено на два дела. Едното е и она што значи оправдување на итноста за донесување на законот, а второто и воведно излагање со образложение на законските решенија кои се донесени. Мислам дека секој претставник на законски

проект, кој што се брани во Собранието на Република Македонија има право да го направи.

Второ, јас не манипулирав со никакви произволни интерпретации од состанокот со ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и Министерството за внатрешни работи, затоа што уште еднаш кажувам, затоа што таму беа претставниците на Министерството за внатрешни работи за кои што ниту знам, ниту ме интересираат партиски договори меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ околу јавноста или нејавноста. Јас само прокоментирав тоа што и во јавноста од страна на претседател на ВМРО-ДПМНЕ беше изнесено околу натамошната потреба од одржување на такви состаноци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Со ова ја завршувам оваа седница.

Продолжението ќе биде дополнително закажано.

Утре имаме седница на пратенички прашања.

(Седницата прекина со работа во 17,05 часот)